Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ... ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 30 декември 1988

БЕЛГРАД

БРОЈ 76 ГОД. XLIV

Цена на овој број е 3.000 динари. – Аконтација на претплатата за 1988 година изнесува 53.300 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Поштенски фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

985.

Врз основа на член 315 точка 3 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија издава

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија, што го усвои Собранието на СФРЈ, на седницата на Сојузниот собор од 29 декември 1988 година.

П бр. 907
29 декември 1988 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
Раиф Диздаревиќ, с. р.

Потпретседател
на Собранието на СФРЈ,
Спасое Меденица, с. р.

ЗАКОН

ЗА ОСНОВИТЕ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ И ЗА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Дел први

ОСНОВИ НА СИСТЕМОТ НА ОПШТЕСТВЕНОТО ПЛАНИРАЊЕ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници и општествено-политичките заедници ги планираат својата работа и развој. Со планирањето на работата и развојот, во условите на дејствување на економските законитости, го насочуваат својот материјален и општествен развој во согласност со своите интереси утврдени врз самоуправна основа.

Работните организации што се основаат заради вршење на стопанска дејност (претпријатија), работните организации што вршат општествени дејности (установи) и другите самоуправни организации и заедници и општествено-политичките заедници (во натамошниот текст: субјекти на планирањето) самостојно го планираат својот развој и одлучуваат за донесувањето на актите на планирањето во согласност со законот.

Организациите на здружен труд што вршат дејности во рамките на единствен технолошки систем од интерес за целата земја, како и организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници што вршат дејности или работи од посебен општествен интерес, за кои тоа е утврдено со закон, се должни да донесуваат планови за развој.

Општествено-политичките заедници се должни да донесуваат општествени планови за развој.

Член 2

Субјектите на планирањето кои се должни да донесуваат планови, донесуваат планови за среднорочен период, а кога тоа е утврдено со закон – и за долгорочен период.

Планот за долгорочен период претставува општа ориентација за донесување на плановите за среднорочен период и се донесува за период од десет години или за подолг период.

Општествениот план за среднорочен период е основен план за развој и се донесува, по правило, за период од пет години.

Член 3

Собранието на СФРЈ со својата одлука за подготвување и донесување на плановите го утврдува долгорочниот односно среднорочниот период за кој се донесуваат плановите и роковите за подготвување и донесување на тие планови.

Член 4

Субјектите на планирањето кои се должни да донесуваат планови, своите планови ги донесуваат за истиот период, во роковите што се утврдени за нивното подготвување и донесување.

Организациите на здружен труд од член 1 став 2 на овој закон можат да донесуваат планови и за периоди што се подолги од среднорочниот односно од долгорочниот период за кој се донесуваат општествените планови.

Субјектите од став 1 на овој член донесуваат планови за секој плански период и ги приспособуваат кон суштествено променетите услови и можности за развој.

Член 5

Сојузната организација надлежна за работи на општественото планирање, во роковите утврдени со одлуката на Собранието на СФРЈ за подготвување и донесување на плановите, подготвува анализа за развојот во изминатиот период и на условите и можностите за развој на земјата во среднорочниот период за кој се донесуваат плановите.

Анализата од став 1 на овој член мора да биде заснована врз претходно организирани научни истражувања.

Врз основа на анализата од став 1 на овој член се оценуваат развојните можности на земјата и се утврдуваат стручните основи за изработка на насоките за подготвување на плановите за среднорочниот период.

Во изработката на насоките за подготвување на плановите за среднорочниот период сојузната организација надлежна за работи на општественото планирање соработува со организациите надлежни за општественото планирање во републиките и во автономните покраини, како и со други органи и организации.

Член 6

Собрнаието на СФРЈ, на предлог од Сојузниот извршен совет, донесува насоки за подготвување на плановите за среднорочниот период.

Насоките од став 1 на овој член ги содржат, особено: основните цели и критериуми на општествено-економскиот развој; основните правци на материјалниот и општествениот развој; основните цели и правци на развојот на економските односи со странство и на вклучувањето во меѓународната поделба на трудот; основните правци на економската политика; општите материјални рамки на развојот и основните макроекономски пропорции; основите на политиката на развојот на инфраструктурните и општествените дејности; основните правци на развојот на населението и на планирањето на семејството; основните цели и правци на развојот на науката и технологијата, на вработеноста и на вработувањето; основните цели и правци на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини; основните цели и правци на уредувањето на просторот и на заштитата и унапредувањето на животната средина; основните цели на развојот на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Собранијата на другите општествено-политички заедници можат да донесуваат насоки за подготвување на планови за среднорочниот период, тргнувајќи од насоките што ги утврдило Собранието на СФРЈ.

Член 7

Субјектите на планирањето кои се должни да донесуваат планови ги применуваат задолжителните елементи на единствените методологии на општественото планирање во подготвувањето, донесувањето и следењето на остварувањето на плановите.

Заради обезбедување на основно методолошко единство во процесот на планирање и содржинска усогласеност на соодветните елементи на плановите, Сојузниот извршен совет, во роковите утврдени со одлуката на Собранието на СФРЈ за подготвување и донесување на плановите, ги пропишува задолжителните елементи на единствената методологија на општественото планирање.

Податоци и информации за планирање и следење на остварувањето на плановите на субјектите на планирањето, во согласност со единствената методологија на општественото планирање, се обезбедуваат во рамките на општествениот систем на информирањето.

Сојузната организација надлежна за работи на статистиката и сојузната организација надлежна за работи на планирањето, во рамките на својот делокруг, а по прибавено мислење од Службата на општественото книговодство на Југославија, ја пропишуваат методологијата од став 3 на овој член.

Член 8

Субјектите на планирањето кои се должни да донесуваат планови обезбедуваат научни истражувања на условите и можностите за развој и изработка на документациони, аналитички и проекциони основи за подготвување на плановите.

Стручните организации надлежни за работи на планирањето во општествено-политичките заедници и стручните служби во самоуправните организации и заедници се одговорни за научната и стручната заснованост на анализите, оценките, проекциите и прогнозите и за реалноста на своите предлози.

II. ПЛАНИРАЊЕ ВО ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ВО ДРУГИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

Член 9

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници самостојно одлучуваат за донесувањето на актите на планирање и со самоуправен општ акт ги уредуваат периодите за кои ги донесуваат и постапката за нивното подготвување, донесување и остварување.

Член 10

Организациите на здружен труд што вршат дејност од областа на електростопанството, железничкиот сообраќај и ПТТ сообраќај и други дејности во рамките на единствен технолошки систем од интерес за целата земја, здружени во заедници, ги донесуваат своите планови и заедничките планови во рамките на тие заедници за среднорочен и долгорочен период.

Член 11

Со заедничкиот план од член 10 на овој закон, кој се донесува за среднорочен период, се утврдуваат особено: заедничките цели, задачи и приоритети на развојот усогласени со потребите на развојот на стопанството и општеството; програмите за заедничко вклучување во меѓународната поделба на трудот; здружувањето на средства и начинот на обезбедување на други извори на средства за модернизација на постојните и изградба на технолошки современи и економски рационални капацитети; развојот и примената на современа техника, технологија и информатика, целите и задачите на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Заедничкиот план за долгорочен период ги опфаќа основните правци на развојот по елементите содржани во став 1 на овој член, зависно од природата на дејностите што ги вршат организациите на здружен труд во рамките на заедницата.

Член 12

Во постапката за подготвување и донесување на плановите, организациите на здружен труд што вршат дејности во рамките на единствен технолошки систем и нивните заедници се должни да обезбедат усогласеност на тие планови со потребите на корисниците на нивните производи и услуги и со заедничките интереси и цели на развојот што се утврдуваат со општествениот план на Југославија.

Собранието на заедницата го доставува предлогот на заедничкиот план до надлежниот сојузен орган и до сојузната организација надлежна за работи на општественото планирање.

Сојузниот извршен совет, кога ќе оцени дека предлогот на заедничкиот план не е усогласен со општествениот план на Југославија, утврдува рок во кој собранието на заедницата ќе ја обезбеди таа усогласеност, а ако тоа не го обезбеди ќе го извести за тоа Собранието на СФРЈ.

Со мерките на развојната и економската политика се поттикнува остварувањето на заедничките планови што се во согласност со општествениот план на Југославија.

Собранието на заедницата односно на него соодветен орган на управувањето го донесува заедничкиот план.

Начинот на подготвување, донесување и остварување на заедничките планови и нивната содржина се утврдуваат со статутот на заедницата и со сојузен закон.

Член 13

Самоуправните организации и заедници што вршат дејности во областа на образованието, науката, културата, здравството и социјалната заштита и другите самоуправни организации и заедници што вршат дејности или работи од посебен општествен интерес, се должни да донесуваат планови ако е тоа утврдено со закон.

III. ПЛАНИРАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Член 14

Федерацијата, републиките и автономните покраини донесуваат општествени планови за долгорочен и среднорочен период.

Општините, градските и регионалните заедници донесуваат општествени планови за среднорочен период, а можат да донесуваат општествени планови и за долгорочен период.

Две или повеќе општини можат да донесуваат и заеднички планови за среднорочен односно за долгорочен период.

Член 15

Со општествениот план за долгорочен период се утврдуваат, особено: основните цели и критериуми за долгорочниот општествено-економски развој; основните правци на развојот и на унапредувањето на стопанскиот сис-

тем; основните правци на структурните промени во стопанството и приспособувањето на стопанството кон променетите надворешни услови за неговò функционирање и развој; развојот на големите инфраструктурни сектори и на другите сектори чиј развој е од суштествено значење за стабилноста и усогласеноста на стопанскиот развој во целост; основите на политиката на вработеноста и вработувањето; основните правци на научниот и технолошкиот развој; основните правци на развојот на општествените дејности; основните правци на развојот на економските односи со странство и на вклучувањето во меѓународната поделба на трудот; основите на политиката на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини; основните правци на заштитата и унапредувањето на животната средина и на уредувањето на просторот; основните цели на развојот на општонародната одбрана и општествената самозаштита.

Општествениот план за долгорочен период ги содржи и: општите материјални рамки и макроекономските пропорции; проекцијата на развојот на стопанството и општеството; долгорочната проекција на населението и популационата политика.

Член 16

Општествениот план за среднорочен период содржи два дела. Првиот дел има насочувачки карактер и е задолжителен за органите на општествено-политичките заедници кои со мерките на развојната и економската политика обезбедуваат услови за неговото остварување. Вториот дел има индикативен карактер, претставува квалитативен и квантитативен исказ на развојната и економската политика и ја дава аналитичката и проекционата основа на планот.

Член 17

Федерацијата, републиките и автономните покраини со општествениот план за среднорочен период во првиот дел ги утврдуваат, особено: заедничките интереси, целите и задачите на стопанскиот и општествениот развој, вклучувајќи ги заеднички утврдените макроекономски пропорции што го изразуваат оној дел од заедничките интереси и цели за кои ќе се утврди обврска за заедничка реализација на ниво на федерацијата, односно на републиките и на автономните покраини; ги утврдува особено политиката и мерките на развојот на населението и на планирањето на семејството; економските и другите мерки односно насоките и рамките на економската политика; заедничките интереси во развојот на организациите на здружен труд што вршат дејности во рамките на единствен технолошки систем од интерес за целата земја и другите дејности во кои се остварува посебен општествен интерес и начинот на обезбедување средства за развојот на тие дејности.

Општествените планови за среднорочен период во вториот дел содржат, особено: проекција на хармоничниот стопански и општествен развој, макроекономски пропорции и други индикатори, освен пропорциите утврдени во првиот дел на планот.

Член 18

Со општествениот план на републиката за среднорочен период, во согласност со заедничките интереси, се утврдуваат заедничките цели, задачите, развојната и економската политика кои се однесуваат особено на: поттикнувањето на зголемувањето на производството и извозот; подигањето на продуктивноста на трудот и унапредувањето на науката и технологијата; условите за хармоничен и стабилен социјален развој и за постојано подобрување на условите за живот и работа на работните луѓе и граѓаните; условите за развој на инфраструктурните и општествените дејности; политиката на развојот на населението и на планирањето на семејството; условите за рационално користење на природните ресурси; насочувањето и усогласувањето на регионалниот и просторниот развој; заштитата и унапредувањето на животната средина; народната одбрана и општествената самозаштита.

Со општествениот план на републиката се утврдуваат и економските и другите мерки односно насоките и рамките за донесување мерки на економската политика и на други мерки што органите во републиката, во согласност со своите права и должности, ги донесуваат заради обезбедување услови за остварување на целите и политиката на развојот утврдени со тој план и со општествениот план на Југославија.

Со општествениот план на автономната покраина за среднорочен период се утврдуваат, во смисла на ст. 1 и 2 од овој член, заедничките цели, задачите, развојната и економската политика во автономната покраина, согласно со член 4 од Уставот на СФРЈ.

Член 19

Со општествениот план на општината за среднорочен период, во согласност со заедничките интереси, се утврдуваат целите и задачите што се однесуваат особено на: развојот на комуналната дејност, станбената изградба, малото стопанство и на селото; развојот на општествените и другите дејности со кои се задоволуваат личните и заедничките потреби на работните луѓе и на граѓаните во општината; политиката на развојот на населението и на планирањето на семејството; просторното и урбанистичкото уредување и користувањето на земјиштето и на добрата во општа употреба; заштитата и унапредувањето на животната средина; народната одбрана и општествената самозаштита.

Со општествениот план на градската заедница се обезбедува единствено планирање на општествено-економскиот развој и просторно-урбанистичко планирање.

Со општествениот план на општината и со општествениот план на градската заедница се утврдуваат и економските мерки, мерките што се во функција на рационално искористување и уредување на просторот и другите мерки од рамките на правата и должностите на општината и на градската заедница.

Член 20

Општествено-политичките заедници, во рамките на своите права и должности, со просторниот план или со општествениот план за долгорочен и среднорочен период ги утврдуваат, особено: намените, организацијата и користењето на просторот; наменското користење и мелиорацијата на земјиштето; искористувањето на водите, заштитата на водите од загадување и заштитата од штетното дејство на водите; рационалната изградба на објектите и мрежата на инфраструктурата; основите за разместување на стопанските и општествените дејности; зоните на индустриските и станбените целости; заштитата и уредувањето на подрачјата со посебни намени; заштитата и користењето на културните добра; заштитата и унапредувањето на животната средина.

Општествено-политичките заедници обезбедуваат усогласеност на просторното и општественото планирање и заснованост на општествените планови врз критериумите за рационално користење и уредување на просторот и заштита и унапредување на животната средина.

Општините и градските заедници донесуваат урбанистички планови, во согласност со законот.

Член 21

Извршниот орган на собранието на општествено-политичката заедница, тргнувајќи од условите и можностите за развој, во согласност со развојната и економската политика утврдена со општествениот план за среднорочниот период, донесува програма на мерки на економската политика за остварувањето на општествениот план за среднорочниот период во наредната година.

Со програмата од став 1 на овој член се утврдуваат актите и мерките што извршниот орган на општествено-политичката заедница ќе ги донесе во рамките на своите надлежности и што ќе му ги предложи на собранието заради обезбедување услови за остварување на општествениот план во наредната година.

Извршниот орган на собранието на општествено-политичката заедница ја доставува заради запознавање, до собранието на општествено-политичката заедница програмата на мерки од став 1 на овој член.

Член 22

Извршниот орган на собранието на општествено-политичката заедница редовно го следи и оценува остваруу-

вањето на општествениот план за среднорочниот период и најмалку двапати годишно поднесува до собранието на општествено-политичката заедница извештај за остварувањето на тој план и за остварувањето на програмата на мерките на економската политика.

Извршниот орган на собранието на општествено-политичката заедница редовно го следи и оценува остварувањето на општествениот план за долгорочниот период и по истекот на општествениот план за среднорочниот период, врз основа на согледаните резултати во остварувањето на планот, подготвува и до собранието на општествено-политичката заедница поднесува извештај за остварувањето на општествениот план за долгорочниот период.

Собранието на општествено-политичката заедница, кога суштествено ќе се изменат условите и можностите за развој, одлучува за измена и дополнение на општествениот план или за донесување на нов општествен план за среднорочниот односно за долгорочниот период.

Дел втори

ОПШТЕСТВЕН ПЛАН НА ЈУГОСЛАВИЈА

Член 23

Со општествениот план на Југославија за среднорочниот период (во натамошниот текст: општествен план на Југославија), во согласност со заедничките интереси, се утврдуваат заедничките цели, задачите, развојната и економската политика кои се однесуваат особено на: создавањето услови за хармоничен и стабилен развој на производствените сили; производството и продуктивноста на трудот; научно-технолошкиот развој; вклучувањето во меѓународната поделба на трудот и развојот на економските односи со странство; вработеноста и вработувањето; унапредувањето на условите за живот и работа и на животниот стандард; развојот на населението и планирањето на семејството; побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини; унапредувањето и заштитата на животната средина од интерес за целата земја и за меѓународната заедница; развојот на општонародната одбрана и на општествената самозаштита.

Член 24

Основните макроекономски пропорции содржани во првиот дел на општествениот план на Југославија се однесуваат особено: на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини и на вкупниот обем на средствата за финансирање на ЈНА во процент од остварениот национален доход.

Макроекономските пропорции содржани во вториот дел на општествениот план на Југославија се однесуваат особено на: формирањето на општествениот производ и доходот и на нивната распределба на акумулација и потрошувачка; уделот на стопанството во распределбата на општествениот производ; уделот на општата и заедничката потрошувачка во националниот доход; основните елементи на економските односи со странство.

Член 25

Со општествениот план на Југославија се утврдуваат и економските и другите мерки односно насоките и рамките за донесување мерки на економската политика и на други мерки што, во согласност со своите права и должности, ги донесуваат органите на федерацијата односно органите на републиките и на автономните покраини заради обезбедување услови за остварувањето на тој план.

Мерките на економската политика и другите мерки што републиките и автономните покраини ги утврдуваат во своите планови не можат да бидат во спротивност со усогласените елементи на развојната и економската политика утврдени во општествениот план на Југославија и не можат да го нарушуваат единството на југословенскиот пазар.

Член 26

Сојузниот извршен совет го известува Собранието на СФРЈ за текот на подготвувањето на општествениот план на Југославија и за прашањата значајни за општествено-економскиот развој и за утврдувањето на заедничката развојна и економска политика.

Сојузната организација надлежна за работи на општественото планирање ги доставува до Собранието на СФРЈ аналитичко-планските материјали во врска со став 1 од овој член.

Сојузниот извршен совет, кога ќе оцени дека нацртите на општествените планови на републиките и на автономните покраини не се усогласени со суштествените елементи на развојната и економската политика што се утврдуваат во нацртот на општествениот план на Југославија, ги известува за тоа извршните совети на собранијата на републиките и извршните совети на собранијата на автономните покраини, а доколку не се обезбеди усогласеност - го известува за тоа Собранието на СФРЈ.

Член 27

Сојузниот извршен совет го известува Собранието на СФРЈ за остварувањето на општествениот план на Југославија и за мерките што, во рамките на своите права и должности, ги презело или има намера да ги преземе, како и за мерките што заради остварување на целите и задачите утврдени со општествениот план на Југославија ги преземаат надлежните органи на републиките и надлежните органи на автономните покраини.

Сојузниот извршен совет најмалку двапати годишно поднесува извештај до Собранието на СФРЈ врз основа на соодветни анализи за остварувањето на општествениот план на Југославија во тековната година.

Член 28

Органите на федерацијата и органите на републиките и на автономните покраини се одговорни за навременото предлагање, донесување и извршување на мерките и прописите што ги донесуваат зарди остварување на општествениот план на Југославија.

Ако не се остваруваат заедничките интереси, целите и задачите на стопанскиот и општествениот развој и другите елементи од првиот дел на општествениот план на Југославија, Сојузниот извршен совет ќе донесе односно ќе му предложи на Собранието на СФРЈ мерки за нивно остварување.

Член 29

Ако Собранието на СФРЈ одлучи да го менува општествениот план на Југославија за среднорочен односно за долгорочен период, донесува одлука за измени и дополненија на планот и го утврдува рокот во кој Сојузниот извршен совет поднесува до Собранието на СФРЈ нацрт односно предлог на измените и дополненијата на општествениот план на Југославија.

Член 30

Одредбите на чл. 1 до 8 и на чл. 14 до 22 од овој закон се применуваат и на општествениот план на Југославија, ако со одредбите на чл. 23 до 29 од овој закон не е поинаку определено.

Дел трети

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 31

Се овластува Сојузниот извршен совет да ги утврди планираните појдовни големини за распределбата на чистиот доход за стопанството на Југославија и областите и гранките на стопанството во согласност со Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распределбата на доходот во СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 2/85 и 28/87) за периодот јануари-март 1989 година.

Член 32

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Ју-

гославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/85 и 65/87), Одлуката за задолжителните елементи на единствената методологија на општественото планирање („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85 и 43/88) и Упатството за минимумот на основни показатели за планирање и следење на остварувањето на плановите на самоуправните организации и заедници и на општествено-политичките заедници („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85).

Член 33

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

986.

Врз основа на член 23 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 43/86 и 71/86) во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОКОТ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ЦЕНИ НА РАСТИТЕЛНО МАСЛО ЗА ЈАДЕЊЕ И КОМПЕНЗАЦИЈА ЗА РАСТИТЕЛНО МАСЛО ЗА ЈАДЕЊЕ

1. Одлуката за определување на највисоките цени на растително масло за јадење и компензација за растително масло за јадење („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/88) престанува да важи.

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1989 година.

Е. п. бр. 470
24 ноември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

987.

Врз основа на член 33 ст. 2 и 3 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85, 38/86 и 28/88), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА ДАВАЧКАТА ЗА ЦАРИНСКО ЕВИДЕНТИРАЊЕ

1. На стоки што се увезуваат во 1989 година, освен на стоки што се ослободени од плаќање царина според одредбите на чл. 25 до 30 и на стоки на чиј увоз не се плаќа царина согласно со член 50 од Царинскиот закон, се плаќа давачка за царинско евидентирање во височина од 1% од царинската основица.

Давачката од став 1 на оваа точка не се плаќа на увоз на стоки на кои според меѓународните договори не се плаќа царина.

2. Давачката за царинско евидентирање се пресметува и наплатува при царинењето на стоките, според прописите за наплатување на царина.

3. Оваа одлука се применува од 1 јануари 1989 година.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 481
25 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

988.

Врз основа на член 96 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86, 67/86, 43/87 и 87/87), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИДОТ И КОЛИЧЕСТВОТО ОДНОСНО ВРЕДНОСТА НА ПРЕДМЕТИТЕ ШТО ФИЗИЧКИ ЛИЦА МОЖАТ ДА ГИ УВЕЗУВААТ И ИЗВЕЗУВААТ

1. Во Одлуката за видот и количеството односно вредноста на предметите што физички лица можат да ги увезуваат и извезуваат („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/86, 44/86, 3/87, 52/87, 57/87, 86/87 и 44/88) во точка 1 одредба под 2 став 1 бројот: „315.500" се заменува со бројот: „2,600.000", а во став 2 бројот: „1,200.000" – со бројот: „7,700.000".

2. Во точка 2 бројот: „800.000" се заменува со бројот: „7,700.000".

3. Во точка 3 во одредба под 45 бројот: „1,300.000" се заменува со бројот: „7,700.000", а во одредба под 46 бројот: „10,000.000" – со бројот: „61,000.000".

4. Во точка 5 став 1 бројот: „175.000" се заменува со бројот: „1,100.000".

5. Во точка 8 став 1 бројот: „80,000.000" се заменува со бројот: „488,000.000", а во став 2 бројот: „132,000.000" – со бројот: „805,000.000".

6. Во точка 9 став 1 зборовите: „чија поединечна вредност не е поголема од 80,000.000 динари" се бришат.

Ст. 2 и 4 се бришат.

Досегашните ст. 3 и 5 стануваат ст. 2 и 3.

7. Точката 10 се брише.

8. Во точка 11 став 2 бројот: „21,000.000" се заменува со бројот: „128,000.000".

9. Во точка 12 став 1 бројот: „21,000.000" се заменува со бројот: „128,000.000".

Во став 2 бројот: „8,000.000" се заменува со бројот: „49,000.000".

Во став 4 бројот: „21,000.000" се заменува со бројот: „128,000.000".

Во став 5 бројот: „32,000.000" се заменува со бројот: „195,000.000".

Во став 6 зборовите: „од точ. 8 и 10" се заменуваат со зборовите: „од точ. 8 и 9.".

Во став 7 бројот: „8,000.000" се заменува со бројот: „49,000.000".

10. Во точка 13 став 1 бројот: „13,000.000" се заменува со бројот: „79,300.000", а бројот: „11,000.000" со бројот: „67,000.000".

Во став 2 бројот: „7,000.000" се заменува со бројот: „42,700.000", а бројот: „5,250.000" со бројот: „32,000.000".

11. Во точка 17 зборовите: „Странски физички лица" се заменуваат со зборовите: „Домашни физички лица и странски физички лица".

12. Во точка 23 бројот: „1,000.000" се заменува со бројот: „6,100.000".

Во точка 24 став 2 во одредбата под 1 зборовите: „и точ. 9 и 10" се заменуваат со зборовите: „и точка 9".

Во одредбата под 4 по зборовите: „на постојан престој во Југославија" се става точка, а зборовите: „и возачка дозвола на увид" се бришат.

Во одредбата под 7 по зборовите: „со странство" се става точка, а зборовите: „и доказ дека возилото не е произведено порано од три години од денот на неговиот увоз." се бришат.

Одредбата под 9 се брише.

14. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Е. п. бр. 482
24 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

989.

Врз основа на член 49 став 4 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, 42/87, 65/87, 87/87, 31/88, 46/88 и 61/88), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА ЗАЛИХИТЕ НА НЕДОВРШЕНО ПРОИЗВОДСТВО, ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ И СТОКИ

1. Основните и други организации на здружен труд што го утврдуваат и распоредуваат вкупниот приход и доходот (во натамошниот текст: основните организации) ја усогласуваат вредноста на залихите на недовршени производи, незавршени услуги, полупроизводи, делови од сопствено производство, готови производи и стоки (во натамошниот текст: производи) на крајот од секоја година, на начинот и по постапката што се пропишани со оваа одлука.

Под усогласување на вредноста на залихите на производи, во смисла на оваа одлука, се подразбира постапката во која се утврдува дека вредноста на залихите на производи искажана во книговодството не е поголема од вредноста на тие залихи утврдена по просечните продажни цени во последниот месец од годината.

2. Под залихи на производи чија вредност на крајот од годината се усогласува, во смисла на оваа одлука, се подразбираат залихите на производи што се искажани во книговодството на следните конта:

1) 600 – Производство, недовршени производи и услуги, полупроизводи и делови;

2) 605 – Недовршени производи, полупроизводи и делови од сопствено производство дадени на доработка и обработка;

3) 630 – Готови производи во складиште;

4) 631 – Готови производи во продавница;

5) 632 – Готови производи на пат;

6) 635 – Готови производи предадени за заедничка работа односно заедничко работење;

7) 660 – Стоки во складиште;

8) 661 – Стоки во продавница;

9) 662 – Стоки на пат;

10) 665 – Стоки дадени на доработка и обработка.

3. Под вредност на залихите по која се искажани производите во книговодството, во смисла на оваа одлука, се подразбира вредноста искажана на контата од точка 2 на оваа одлука намалена односно зголемена за износот на отстапувањето, односно за износот на разликата во цената, искажани на посебни конта, зголемена за износот на ревалоризацијата на залихите на состојбата и зголемена за обврските од доходот и за бруто личните доходи по основ на тековниот труд, кои, според одредбите на чл. 43 до 48 и чл. 53 и 58 на Законот за вкупниот приход и доходот, се пресметани врз товар на обртните средства по основ на залихите (состојба на контата од групата конта 18 – Разграничен дел на доходот по основ на залихи и вракања на даночни и други давачки).

4. Под просечна продажна цена во последниот месец од годината, во смисла на оваа одлука, се подразбира просечната продажна цена што е остварена со продажба на производи во декември од деловната година.

Ако основната организација не вршела продажба во декември од деловната година, просечната продажна цена ќе ја утврди врз основа на податоците за движењето на цените на производите на производителите на исти или на слични производи, кои во писмена форма ќе ги прибави од производствените односно трговските организации. Се смета дека еден производ е сличен на друг производ ако е произведен од ист материјал, ако е од ист капацитет, со ист или приближно ист квалитет и ако се користи за иста намена.

Ако основната организација не прибави податоци согласно со став 2 на оваа точка, ќе ја утврди продажната цена на производите за последниот месец во годината со изработка на калкулација, со тоа што таа цена не може да биде поголема од просечната продажна цена во последниот месец на продажбата, зголемена за растежот на цените на производителите на индустриски производи од тој месец до крајот на годината. Податокот за растежот на цените на производителите на индустриски производи од последниот месец на продажбата до крајот на годината, се утврдува со делење на индексот на растежот на тие цени во целата година со индексот на растежот на цените до месецот во кој е вршена последната продажба, врз основа на податоците што ќе ги објави сојузната организација надлежна за работите на статистиката.

5. Просечната продажна цена на одделен производ се утврдува така што остварената вредност од продажбата во декември од деловната година ќе се подели со бројот на продадените единици на производи.

Ако цената на одделен производ што се произведува односно изработува по порачка е договорена, односно ако цената на одделен производ е под општествена контрола, како просечна продажна цена се зема продажната цена на односниот производ од договорот односно од актот со кој е определена цената во согласност со прописите за општествената контрола на цените, важечка на 31 декември од деловната година.

Ако производот се вградува во заеднички производ или се продава во соработка со организации на здружен труд што се занимаваат со работи на прометот на стоки и услуги, како просечна продажна цена се зема учеството во просечната продажна цена на производот, со чија продажба се остварува и распоредува заедничкиот приход, утврдена во согласност со одредбата на ст. 1 и 2 на оваа точка.

Просечната продажна цена на одделен производ утврдена во согласност со одредбата на ст. 1 до 3 од оваа точка се намалува за износот на дополнителните попусти што им се дадени на купувачите, а се зголемува за износот на компензациите, премиите, регресите и вракањата на даночните и другите давачки остварени по основ на продажбата на односниот производ.

6. Просечната продажна цена остварена во последниот месец на годината се утврдува за одделни полупроизводи и делови од сопствено производство што се продаваат како готови производи на начинот од точка 5 на оваа одлука.

Просечната продажна цена остварена во последниот месец на годината за недовршено производство, полупроизводи и делови од сопствено производство што не се продаваат на пазарот се утврдува сразмерно со учеството во просечната продажна цена на готови производи за чие производство се користат недовршени производи, полупроизводи и делови од сопствено производство остварена во последниот месец од годината.

7. Усогласување на вредноста на залихите се врши со споредување на вкупната вредност на залихите на производи што е искажана во книговодството на одделни групи конта (со припаѓачки разграничен дел на доходот и на личните доходи) од точка 3 на оваа одлука и вкупната вредност на залихите на производи од таквата група конта, која ќе се утврди по просечните продажни цени во последниот месец на деловната година.

8. Вкупната вредност на залихите на производи по просечните продажни цени во последниот месец на деловната година се утврдува во преглед кој ги содржи најмалку следните податоци:

1) бројот на контото на кое во книговодството се искажани залихите на производите;

2) називот и номенклатурниот број на производот, ако ги користи тие броеви;

3) единицата на мера по која производот се води во книговодството;

4) количината на производот на залихи на 31декември од деловната година;

5) просечната продажна цена на производот остварена во последниот месец на деловната година;

6) вредноста на залихите на производи по просечните продажни цени во последниот месец од деловната година.

9. Вредноста на залихите на производи се усогласува според состојбата на 31 декември од деловната година.

Вкупната вредност на залихите на производи што на одделна група конта е искажана во книговодството се споредува со вкупната вредност на залихите на производи од таа група конта, која ќе се утврди по просечните продажни цени во последниот месец на деловната година.

Ако основната организација утврди дека вкупната вредност на залихите на производи, која на одделна група

конта ќе ја утврди по просечните продажни цени во последниот месец од деловната година, е еднаква или поголема од вкупната вредност на залихите на производи што на таа група конта е искажана во книговодството, вредноста во книговодството не се менува.

Ако основната организација утврди дека вкупната вредност на залихите на производи, која на одделна група конта ќе ја утврди по просечните продажни цени, во последниот месец од деловната година е помала од вкупната вредност на залихите на производи што на таа група конта е искажана во книговодството, вредноста во книговодството се намалува за износот на разликата.

10. За износот на разликата што ќе ја утврди во согласност со точка 9 став 4 на оваа одлука на одделна група конта, основната организација сразмерно ја намалува вредноста во книговодството на сите залихи на производи, искажана на таа група на конта.

Основната организација може да одлучи, наместо намалување на вредноста во книговодството на сите залихи на производи, за износот на разликата да изврши намалување на вредноста само на определени производи.

11. Намалување на вредноста на залихите во книговодството, во согласност со одредбата на точка 10 на оваа одлука, се врши:

1) врз товар на доходот односно чистиот доход за сразмерен дел кој се однесува на обврските од доходот и на бруто личните доходи по основ на тековниот труд, пресметани врз товар на обртните средства по основ на залихите на тие производи;

2) врз товар на вкупниот приход за сразмерен дел кој се однесува на материјалните трошоци, трошоците на амортизација и другите трошоци од работењето, пресметани врз товар на обртните средства по основ на залихите на тие производи.

12. Ако основната организација, која залихите на стоки во продавниците ги искажува во книговодството по продажната цена, утврди дека на контото 669 – Разлика во цената на стоките, постои позитивно отстапување од продажната цена на стоките, не е должна да ја усогласува вредноста на залихите на стоките според одредбите на оваа одлука.

13. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на усогласување на вредностите на залихите на недовршено производство на готови производи и стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/85 и 10/88).

14. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 484
28 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

990.

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за посебната такса на увезени стоки („Службен лист на СФРЈ", бр. 31/70) Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ПОСЕБНА ТАКСА НА УВЕЗЕНИ СТОКИ

1. На стоки што се увезуваат, освен на стоки што се ослободени од плаќање царина по одредбите на чл. 25 до 27, член 28 точ. 1 и 2 и точ. 6 до 16 и чл. 29 и 30 и на стоки на чиј увоз не се плаќа царина согласно со член 50 на Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85, 38/86 и 28/88), односно на стоки за кои царина се плаќа по снижена стапка согласно со член 30 од Царинскиот закон, во 1989 година се плаќа посебна такса на увезени стоки во висина од 4,8% од царинската основица.

Посебна такса од став 1 не се плаќа:

1) на увоз на нафта од тарифниот број 27.09 односно тарифна ознака: – – – – 2709.001 од Царинската тарифа, што се врши во согласност со Проекцијата на потребите на одделни видови енергија во 1989 година;

2) на стоки за кои по меѓународните договори не се плаќа царина, а што Југославија ги потпишала и ратификувала.

2. По исклучок од одредбата на став 1 точка 1 на оваа одлука посебна такса на увезени стоки се плаќа по стапка од 10% на увоз на стоки од следните тарифни броеви и тарифни ознаки на Царинската тарифа, и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување
1	2	3
2		
85.21		Апарати за снимање и репродукција на слика:
	8521.10	– Со магнетна лента
		Ex.
		Видео-рикордери
85.25		Предаватели за радиотелефонија, радиотелеграфија, радиодифузија или телевизија, вклучувајќи со вграден приемник или со апарат за снимање или репродукција на звукот; телевизиски камери:
	8525.30	– Телевизиски камери
		Ex.
		Видео камери
85.27		Приемници за радиотелефонија, радиотелеграфија и радиодифузија, вклучувајќи и приемници комбинирани во исто куќиште со апарат за снимање или репродукција на звукот или со часовник:
	8527.11	– – комбинирани со апарат за снимање или репродукција на звукот
		Ex.
		Радиотранзистори со касетофон
	8527.31	– – комбинирани со апарат за снимање или репродукција на звукот
		Ex.
		Музички столбови
85.28		Телевизиски приемници (вклучувајќи видео монитори и видео проектори), комбинирани или некомбинирани во исто куќиште со радиоприемници или со апарати за снимање или репродукција на звукот или сликата:
	8528.10	–Во боја
		Ex.
		Телевизори во боја

3. По исклучок од одредбата на став 1 точка 1 на оваа одлука посебна такса на увезени стоки се плаќа на:

1) увоз на суровини и репродукционен материјал што се увезуваат врз основа на странски кредити чиј рок за враќање е над три месеци до шест месеци во висина од 2,5%, а на увоз на опрема – во висина од 3,5%;

2) увоз на суровини и репродукционен материјал што се увезуваат врз основа на странски кредити чиј рок за враќање е над шест месеци до 12 месеци во висина од 1,5%, а на увоз на опрема – во висина од 3,0%;

3) увоз на опрема што се увезува врз основа на странски кредити чиј рок за враќање е над 12 месеци до 24 месеци во висина од 1,5%;

4) увоз на опрема што се увезува врз основа на странски кредити чиј рок за враќање е над 24 месеци до 36 месеци во висина од 1%.

4. По исклучок од одредбата на став 1 точка 1 на оваа одлука посебна такса на увезени стоки не се плаќа на:

1) увоз на суровини и репродукционен материјал што се увезуваат врз основа на странски кредити чиј рок за враќање е над 12 месеци;

2) на увоз на опрема што се увезува врз основа на странски кредити чиј рок за враќање е над 36 месеци.

5. Оваа одлука се применува од 1 јануари до 31 декември 1989 година.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 483
28 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

991.

Врз основа на член 128 став 4 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 71/86, 3/88 и 59/88), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА УСЛОВИТЕ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ЗА ШИРОКА ПОТРОШУВАЧКА ВО 1989 ГОДИНА

1. Организациите на здружен труд можат да увезуваат стоки за широка потрошувачка од конвертибилното подрачје и да плаќаат во конвертибилни девизи ако кон пријавата за склучениот договор за тој увоз поднесат до надлежната народна банка и пријава за склучениот договор за извоз на југословенски стоки најмалку во вредноста на увозот на стоки за широка потрошувачка и потврда од Стопанската комора на Југославија издадена во смисла на член 128 од Законот за девизното работење.

2. Организациите за здружен труд можат да увезуваат автомобили и мотоцикли до 1.600 ccm ако преземат обврска да извезат определени стоки најмалку во вредноста на тој увоз, а автомобили и мотоцикли преку 1.600 ccm можат да увезуваат ако преземат обврска да извезат определени стоки во висина од најмалку 150% од вредноста на тој увоз.

Сојузниот секретаријат за економски односи со странството го утврдува видот на стоките од став 1 на оваа точка и го пропишува начинот на водење евиденција и контрола на извршување на обврските за извоз од тој став.

Стоки, во смисла на став 1 од оваа точка, им се извезуваат на странски лица од кои се увезуваат автомобили и мотоцикли или на нивни кооперанти, а може да се извезуваат и во земјите во кои тие лица и нивните кооперанти имаат свои фабрики.

3. Организациите на здружен труд можат да увезуваат јужно овошје и преработки од јужно овошје, освен концентрати на сокови од јужно овошје, ако преземат обврска дека во 1989 година ќе извезат овошје и зеленчук произведени во Југославија во вредноста на тој увоз.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, организациите на здружен труд можат да увезуваат јужно овошје и ако тој увоз се врши во рамките на долгорочни аранжмани склучени со содоговорачите од одделни земји на производите на јужно овошје, за што потврда издава Стопанската комора на Југославија.

4. Сојузниот секретаријат за економски односи со странство го утврдува видот на стоките за извоз од точка 2 став 1 на оваа одлука и го пропишува начинот на евиденцијата и контролата на извршување на обврската на извозот од точ. 2 и 3 на оваа одлука.

5. Одредбите на точка 1 од оваа одлука не се однесуваат на увозот на:

1) јаглен и производи на црната металургија наменети за широка потрошувачка;

2) лекови и медицински материјал за снабдување на аптеки и продавници, на ветеринарски производи и детска храна;

3) семе, средства за заштита на растенијата и на резервни делови за текушто одржување на земјоделската механизација, што ги увезуваат организациите на здружен труд заради снабдувањето на индивидуални земјоделски производители;

4) резервни делови, заради продажба од консигнациони складови на странски лица во земјата за динари, ако се плаќаат од остварената застапничка провизија;

5) книги, списанија, дневни весници, периодични публикации, учебници, други учила и печат;

6) филмови за прикажување;

7) саемски мостри и стоки што се увезуваат врз основа на тие мостри;

8) стоки заради интервенции на домашниот пазар;

9) моторен бензин до 20.000 тони и антифриз до 3.000 тони;

10) во рамките на малограничниот промет и саемски компензациони работи;

11) стоки за широка потрошувачка за потребите на снабдување на туристичките подрачја во туристичката сезона;

12) стоките за кои Сојузниот секретаријат за стопанство ќе утврди дека во определен период на 1989 година, во однос на 1988 година дошло до значително зголемување на цените. Списокот на тие стоки го објавува Сојузниот секретаријат за стопанство во „Службен лист на СФРЈ", најмалку секои три месеци.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Е. п. бр. 477
27 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

992.

Врз основа на член 185 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78, 21/82, 18/85 и 37/88) Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ПРАВОТО НА УСЛОВНО СЛОБОДЕН УВОЗ ВО 1989 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд на кои во 1988 година им се прифатени пријавите за склучени договори за увоз по основ на условно слободен увоз и на организациите на здружен труд на кои во 1988 година им се прифатени налозите за нестоковни плаќања, а со кои за тој увоз односно плаќања се товарени општествено-признатите репродукциони потреби во 1988 година, можат увоз по тие пријави односно плаќања по тие налози да извршат во 1989 година без товарење на општествено-признатите репродукциони потреби во 1989 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Е. п. бр. 478
28 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

993.

Врз основа на член 24 од Законот за одговорноста за нуклеарни штети („Службен лист на СФРЈ", бр. 22/78 и 34/79), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА КОРИСНИЦИТЕ НА НУКЛЕАРНА ПОСТРОЈКА ЗА НУКЛЕАРНА ШТЕТА

1. Во Одлуката за определување на износот на ограничување на одговорноста на корисниците на нуклеарна

постројка за нуклеарна штета („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/87), во точка 1 зборовите: „од 9.000,000.000 динари" се заменуваат со зборовите: „до 40.000,000.000 динари".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 465
3 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Милош Милосављевиќ, с. р.

994.

Врз основа на член 62 во врска со чл. 60 и 61 од Законот за основите на системот за осигурување на имоти и лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА КОИ КОРИСНИЦИТЕ, ОДНОСНО СОПСТВЕНИЦИТЕ НА ВОЗДУХОПЛОВИ МОРААТ ДА СЕ ОСИГУРУВААТ ОД ОДГОВОРНОСТ ЗА ШТЕТИ ШТО ВОЗДУХОПЛОВОТ МОЖЕ ДА ГИ ПРИЧИНИ

1. Во Одлуката за определување на износите на кои корисниците, односно сопствениците на воздухоплови мораат да се осигуруваат од одговорност за штети што воздухопловот може да ги причини („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/77) точка 1 одредбата под 1 прва алинеја бројот: „675.000", се заменува со бројот: „140,000.000".

Во втората алинеја бројот: „675.000", се заменува со бројот: „140,000.000", а бројот: „540" со бројот: „110.000.".

Во третата алинеја бројот: „3,375.000", се заменува со бројот: „690,000.000", а бројот: „337,50" со бројот: „70.000".

Во четвртата алинеја бројот: „8,100.000" се земенува со бројот: „1.660,000.000", а бројот: „202,50", со бројот: „42.000".

Во петтата алинеја бројот: „14,175.000" се заменува со бројот: „2.913,000.000", а бројот: „135" со бројот: „27.000".

Во одредбата под 2 прва алинеја бројот: „62.500" се заменува со бројот: „12,840.000".

Во втората алинеја бројот: „125.000" се заменува со бројот: „25,700.000",

Во третата алинеја бројот: „500.000" се заменува со бројот: „102,765.000".

Во точка 3 став 1 одредба под 1 бројот: „625.000" се заменува со бројот: „128,456.000".

Во одредбата под 2 бројот: „2,500.000" се заменува со бројот „552,500.000".

Во одредбата под 3 бројот: „7,500.000" се заменува со бројот: „1.657,500.000".

Во одредбата под 4 бројот: „12,500.000" се заменува со бројот: „2.762,500.000".

Во одредбата под 5 бројот: „18,750.000" се заменува со бројот: „4.125,000.000".

Во став 2 бројот: „150.000" се заменува со бројот: „30,000.000".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 462
21 ноември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

995.

Врз основа на член 223 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85, 38/86 и 28/88), на предлог од сојузниот секретар за финансии, по претходно прибавеното мислење од претседателот на Сојузниот комитет за туризам, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИ НАСЕЛБИ, НАУТИЧКИ ЦЕНТРИ, МАРИНИ И МОТЕЛИ НА МАГИСТРАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО КОИ МОЖАТ ДА СЕ ОТВОРААТ СЛОБОДНИ ЦАРИНСКИ ПРОДАВНИЦИ

1. Во Одлуката за определување на туристички населби, наутички центри, марини и мотели на магистралните патишта во кои можат да се отвораат слободни царински продавници („Службен лист на СФРЈ", бр. 47/86, 21/87, 31/87, 53/87, 18/88 и 40/88) во точка 1 во одделот: „Во СР Босна и Херцеговина" по редниот број 41 се додаваат ред бр. 42 до 60, кои гласат:

„42. „Братунац" – Братунац
43. „Радуша" – Горњи Вакуф
44. „Оџак" – Оџак
45. „Доњи Вакуф" – Доњи Вакуф
46. „Модрича" – Модрича
47. „Орашје" – Орашје
48. „Босански Нови" – Босански Нови
49. „Јабланица" – Јабланица
50. „Босанска Дубица" – Босанска Дубица
51. „Горажде" – Горажде
52. „Прозор" – Прозор
53. „Травник" – Травник
54. „Киселјак" – Киселјак
55. „Босански Брод" – Босански Брод
56. „Травник" – Травник
57. „Купрес" – Купрес
58. „Босанска Градишка" – Босанска Градишка
59. „Грачаница" – Грачаница
60. „Маглај" – Маглај."

Во одделот: „Во СР Хрватска" по редниот број 164 се додаваат ред. бр. 165 до 184, кои гласат:

„165. „Чаковец" – Чаковец
166. „Ѓаково" – Ѓаково
167. „Страхињчица" – Крапина
168. „Пунат" – Пунат
169. „Малинска" – Малинска
170. „Брела" – Брела
171. „Сисак" – Сисак
172. „Бузет" – Бузет
173. „Оточац" – Оточац
174. „Копривица" – Копривица
175. „Бјеловар" – Бјеловар
176. „Килипи" – Килипи
177. „Жупања" – Жупања
178. „Валпово" – Валпово
179. „Белишќе" – Белишќе
180. „Бизовац" – Бизовац
181. „Чиста Прово" – Имотски
182. „Крижевци" – Крижевци
183. „Дарувар" – Дарувар
184. „Премонтуро" – Премонтуро."

Во одделот: „Во СР Македонија" по редниот број 12 се додава реден број 13, кој гласи: „13. „Стрежево" – Стрежево".

Во одделот: „Во СР Словенија" по редниот број 46 се додаваат ред. бр. 47 до 56, кои гласат:

„47. „Кршко" – Кршко
48. „Крањска Гора" – Крањска Гора
49. „Порторож" – Порторож
50. „Домжале" – Домжале
51. „Ново Место" – Ново Место
52. „Толмин" – Толмин
53. „Идрија" – Идрија
54. „Мост на Сочи" – Мост на Сочи
55. „Церкно" – Церкно
56. „Кобарид" – Кобарид."

Во одделот: „Во СР Србија" по редниот број 53 се додаваат ред. бр. 54 и 55, кои гласат:
„54. „Ресава" – Деспотовац
55. „Лозница" – Лозница."
Во одделот: „Во САП Војводина" по редниот број 18 се додаваат ред. бр. 19 и 20, кои гласат:
„19. „Панонија" – Бачка Топола
20. „Титов Врбас" – Титов Врбас."
2. Во точка 3 во одделот: „Во СР Хрватска" по редниот број 13 се додаваат ред. бр. 14 до 16, кои гласат:
„14. „Војник" – Војник
15. „Растовица" – Растовица
16. „Страхињчица" – Крапина."
Во одделот: „Во СР Србија" по редниот број 20 се додава реден број 21, кој гласи:
„21. „Кршево" – Кршево."

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 463
24 ноември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

996.

Врз основа на чл. 21 и 123 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86, 67/86, 43/87 и 87/87), по прибавено мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

1. Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот, во Списокот на стоките со форми на извозот и увозот („Службен лист на СФРЈ", бр. 82/87, 19/88 и 34/88) се вршат следните измени:

1) во тар. ознаки 0802.11, 0802.12, 0811.909 и 1203.00 во колона 7 кратенката: „ЛБОС" се заменува со кратенката: „ЛБО";
2) во тар. ознака 0804.40 во колона 7 кратенката: „ЛБОС" се заменува со кратенката: „ЛБС";
3) во тар. ознаки: 0905.00, 0906.10, 0906.20, 0907.00, 0908.10, 0908.20, 0908.30 и 1201.00 во колона 7 кратенката: „ЛБС" се заменува со кратенката: „ЛБ";
4) во тар. ознаки 1212.10, 1513.11, 1513.19, 1519.19, 2103.10, 2910.10 и 2912.29 во колона 7 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „ЛБ";
5) во тар. ознаки 2208.10, 2849.10, 3901.10, 3909.50, 4002.195 и 4002.196 во колона 7 кратенката: „Кк" се заменува со кратенката: „ЛБ";
6) во тар. ознаки 2833.23 и 3505.10 во колона 7 кратенката: „ЛБ" се заменува со кратенката: „Кк";
7) во тар. ознаки 2818.20 и 2818.30 во колона 7 кратенката: „КкС" се заменува со кратенката: „Кк";
8) во тар. ознака 2905.29 во колона 6 кратенката: „ЛБ" се заменува со кратенката: „Д", а во колона 7 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „Д";
9) во тар. ознака 3901.20 во колона 6 кратенката: „Кк" се заменува со кратенката: „ЛБ", а во колона 7 кратенката: „Кк" – со кратенката: „ЛБО";
10) во тар. ознаки 4410.101, 4410.102, 4410.109, 4410.90, 4707.10, 4707.20, 4707.30 и 4707.90 во колона 7 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „ЛБС";
11) во тар. ознаки 8429.528 и 8429.59 во колона 7 кратенката: „ЛБО" се заменува со кратенката: „Кв";
12) во тар. ознака 9507.30 во колона 7 кратенката: „ЛБ" се заменува со кратенката: „Кк".

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1989 година.

Е. п. бр. 471
25 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

997.

Врз основа на член 27 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86, 67/86, 43/87 и 87/87), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕГУЛИРАЊЕ НА УВОЗОТ НА ПАТНИЧКИ АВТОМОБИЛИ ОД СТРАНА НА ОПРЕДЕЛЕНИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА

1. Во Одлуката за привремено регулирање на увозот на патнички автомобили од страна на определени физички лица („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/87, 86/87 и 39/88) во точка 4 зборовите: „31 декември 1988 година" се заменуваат со зборовите: „до 31 јули 1989 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Е. п. бр. 472
24 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

998.

Врз основа на член 46 став 4 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85, 38/86 и 28/88), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТОКИТЕ НА КОИ СЕ ПРИМЕНУВА ЕДИНСТВЕНА ЦАРИНСКА СТАПКА

1. Во Одлуката за утврдување на вредноста на стоките на кои се применува единствена царинска стапка („Службен лист на СФРЈ", бр. 46/82, 68/84, 28/86, 13/87 и 86/87), во точка 1 бројот: „2,500.000 " се заменува со бројот: „15,000.000".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 474
28 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

999.

Врз основа на член 31 од Законот за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 76/88) Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПЛАНИРАНИТЕ ПОЈДОВНИ ГОЛЕМИНИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЧИСТИОТ ДОХОД ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ–МАРТ 1989 ГОДИНА

1. Планираните појдовни големини за распределба на чистиот доход за периодот јануари–март 1989 година се:

Шифра на дејноста	НАЗИВ НА ДЕЈНОСТА	Бруто ЛД по работник месечно (во 000 дин.)	Стапка на акумулативноста (во %)
	ВКУПНО СТОПАНСТВО	1.421	1,76
01	ИНДУСТРИЈА И РУДАРСТВО	1.509	1,95
0101	Електростопанство	1.669	1,10
0102	Производство на јаглен	1.725	1,41
0103	Преработка на јаглен	1.437	0,50
0104	Производство на нафта и гас	2.230	1,36
0105	Производство на нафтени деривати	2.073	2,34
0106	Производство на железна руда	1.582	0,35
0107	Црна металургија	1.654	0,81
0108	Производство на руда на обоени метали	1.600	1,71
0109	Производство на обоени метали	1.894	1,57
0110	Преработка на обоени метали	2.101	1,97
0111	Производ. на неметали	1.348	1,27
0112	Преработка на неметали	1.438	1,70
0113	Металопреработ. дејност	1.505	2,30
0114	Машиноградба	1.597	2,33
0115	Производство на сообраќ. средства	1.600	2,33
0116	Бродоградба	1.890	3,23
0117	Произв. на ел. маш. и апарати	1.996	3,76
0118	Произв. на хем. произв.	1.760	3,46
0119	Прераб. на хемис. произв.	1.738	4,34
0120	Произв. на камен и песок	1.081	0,80
0121	Произв. на градеж. материјал	1.190	0,56
0122	Произв. на реж. граѓа и плочи	1.351	2,12
0123	Произв. на фин. произв. од дрво	1.248	1,92
0124	Произв. и прер. на хартија	1.737	2,82
0125	Произв. на предиво и ткаенини	1.245	3,23
0126	Произв. на гот. текст. произ.	1.076	3,07
0127	Произв. на кожа и крзна	1.485	2.86
0128	Произв. на кожа за обувки и галант.	1.017	2,12
0129	Прераб. на каучук	1.682	4,20
0130	Произв. на прехран. произв.	1.496	1,30
0131	Произв. на пијалоци	1.252	0,40
0132	Произв. на добиточна храна	1.313	1,60
0133	Производ. и преработка на тутун	1.331	2,47
0134	Графичка дејност	1.338	1,97
0135	Прераб. на сур. од отпад	1.477	4,01
0139	Производ. на разн. произв.	1.732	4,77
02	ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РИБАРСТВО	1.248	0,42
03	ШУМАРСТВО	1.411	0,91
04	ВОДОСТОПАНСТВО	1.166	0,13
05	ГРАДЕЖНИШТВО	1.158	1,08
06	СООБРАЌАЈ И ВРСКИ	1.525	0,93
0601	Железнички сообраќај	1.544	0,03
0602	Поморски сообраќај	2.040	3,26
0603	Речен и езерски сообраќај	1.082	0,16
0604	Воздушен сообраќај	2.495	9,48
0607	Цевоводен транспорт	2.447	1,35
0609	ПТТ сообраќај	1.543	2,84
07	ТРГОВИЈА	1.393	3,24
08	УГОСТИТЕЛСТВО И ТУРИЗАМ	1.585	0,37
09	ЗАНАЕТЧИСТВО	1.383	2,95

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 јануари 1989 година.

Е. п. бр. 488
29 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

1000.

Врз основа на член 23 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 43/86 и 71/86), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ОГНООТПОРЕН МАТЕРИЈАЛ

1. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на огноотпорен материјал, цените на огноотпорниот материјал што се формирани и применети во согласност со Одлуката за определување на највисокото ниво на цените за определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/88), можат да ги зголемат до 53%.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 487
29 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

1001.

Врз основа на член 23 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 43/86 и 71/86), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА И НА ЖЕЛЕЗНАТА РУДА

1. Во Одлуката за начинот на формирање на цените на производите на црната металургија и на железната руда („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/88), во називот по зборот: „металургија" се додава запирка, зборот: „и" се брише, а по зборовите: „железна руда" се додаваат зборовите: „и огноотпорен материјал".

Во точка 5 по став 1 се додава нов став 2 што гласи:

„Цените на производите од гранката 0112 Преработка на неметални минерали (без градежен материјал) групата 01122 подгрупа 011220 – Производство на огноотпорен материјал, се коригираат со процентот на просечното зголемување на цените на производите на подгрупата

010711 – Производство на сурово железо и 010712 – Производство на суров челик".

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисокото ниво на цените на огноотпорен материјал („Службен лист на СФРЈ", бр. 76/88).

3. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 486
29 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

1002.

Врз основа на член 23 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 43/86 и 71/86), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ЗАДРЖУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ НА ЗАТЕЧЕНОТО НИВО

1. Цените на електрична енергија, и цените на сите услуги во внатрешниот железнички сообраќај, што постоеја и што се применувани до 30 декември 1988 година, се задржуваат на затеченото ниво при постојните услови за продажба.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 490
30 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Милош Милосављевиќ, с. р.

1003.

Врз основа на член 23 од Законот за системот на општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/84, 43/86 и 71/86), во соработка со надлежните републички и покраински органи, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА КОКС

1. Организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на кокс ги формираат цените на кокс со примена на просечната остварена цена на јаглен за коксирање, од увоз франко производител и трошоците на производството на кокс.

Цените од став 1 на оваа точка важат франко натоварено во превозно средство.

2. Просечната остварена цена на јаглен за коксирање од увоз франко производител, се формира со примена на просечната остварена цена на увозниот јаглен за коксирање CIF југословенска граница пресметана во динари по продажен курс на САД долар, односно клириншки долар на ден на плаќањето и стварните зависни трошоци во земјата (царина, увозни давачки, трошоци на превоз и др.).

3. Трошоците на производството на кокс, утврдени во цената на коксот, согласно со точка 1 од Одлуката за определување на највисокото ниво на цените за определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/88), можат да се менуваат тримесечно, до височината на растежот на цените на производителите на индустриски производи во претходното тримесечје.

4. При секоја промена на цените на кокс, според одредбите на оваа одлука, организациите на здружен труд што се занимаваат со производство на кокс се должни, на Сојузниот завод за цени, да му достават податоци што се основ за промена на тие цени.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисокото ниво на цените за определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 59/88).

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 489
29 декември 1988 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

1004.

Врз основа на член 99 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86, 67/86, 43/87 и 87/87), сојузниот секретар за економски односи со странство издава

НАРЕДБА

ЗА НАЧИНОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ ПОДНЕСЕНИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1988 ГОДИНА СО ПРОПИСИТЕ ЗА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО 1989 ГОДИНА

1. Организациите на здружен труд и другите општествени правни лица (во натамошниот текст: организации на здружен труд), по пријавите за склучени договори за извоз на стоки по основ на контингенти и дозвола што народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (во натамошниот текст: народните банки) ги прифатиле до 31 декември 1988 година, а по кои извозот не е извршен во целост до тој ден, за вредноста на извозот што ќе се изврши во 1989 година поднесуваат пријава, со повикување на бројот и датумот на порано прифатената пријава. Кон пријавата се прилагаат исправите за правото на извоз во 1989 година.

2. Организациите на здружен труд, по пријавите за склучени договори за увоз на стоки што народните банки ги прифатиле до 31 декември 1988 година, а по кои увозот не е извршен во целост до тој ден, за вредноста на стоките што ги увезуваат во 1989 година поднесуваат пријава, со повикување на бројот и датумот на порано прифатената пријава. Кон пријавата се прилагаат исправи за правото на увоз во 1989 година, и тоа:

1) за увоз на суровини и репродукциони материјали:

– по основ на условно-слободен увоз што се плаќа во конвертибилни девизи – потврда за товарење на општествено-признатите репродукциони потреби за 1989 година за вредноста на стоките што се увезуваат во таа година, освен ако со посебни прописи е предвидено дека не се поднесува таа потврда;

– по основ на контингент – потврда од овластената банка дека за вредноста на увозот во 1989 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1989 година;

– по основ на дозвола – дозвола на која не ѝ истекол рокот, односно нова дозвола;

2) за увоз на опрема:

– по основ на контингент – потврда од овластената банка дека за вредноста на увозот во 1989 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1989 година;

– по основ на дозвола – дозвола на која не ѝ истекол рокот, односно нова дозвола.

Ако плаќањето на увоз на опрема, која се плаќа со конвертибилни девизи, по сите форми на увоз, освен слободен увоз, не е извршено до 31 декември 1988 година, кон пријавата се поднесува, покрај исправите од оваа точка и потврда од овластената банка за товарење на обемот на плаќањето на увозот на опрема на организацијата на здружен труд по основ на амортизација на опремата и остварениот извоз;

3) за увоз на стоки за широка потрошувачка:

– по основ на контингент – потврда од овластената банка дека за вредноста на увозот во 1989 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1989 година;

– по основ на дозвола – дозвола на која не ѝ истекол рокот односно нова дозвола.

За увоз на стоки за широка потрошувачка, по основ на одобрена компензациона работа со странство односно одобрена работа кај која извозот на стоки и услуги се наплатува со увозот на стоки за широка потрошувачка, кон пријавата се поднесува решение со кое се одобрени овие работи врз основа на кои може во 1989 година да се изврши увоз на стоки за широка потрошувачка по тие основи.

За увозот на стоки за широка потрошувачка што се плаќаат со конвертибилни девизи, по сите форми на увоз, освен слободен увоз, кон пријавата се поднесува, покрај исправите од оваа точка, и потврда о овластената банка за товарење на обемот на плаќањето на увозот на стоки за широка потрошувачка во 1989 година;

4) за увозот на стоки што се плаќаат според одредбите од член 127 на Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 71/86, 3/88 и 59/88) се поднесува потврда за товарење на обемот на правото на плаќање на увоз на стоки од областа на туризмот и угостителството, за износот на увозот што се врши во 1989 година. Ако стоките се увезуваат по основ на контингент, се поднесува и потврда од овластената банка дека за вредноста на увозот во 1989 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за увоз во 1989 година, а ако стоките се увезуваат по основ на дозвола – и дозвола на која не ѝ истекол рокот, односно нова дозвола.

Ако плаќањето на увозот на опрема за потребите на организациите на здружен труд од одредбата под 4) на оваа точка, не е извршено до 31 декември 1988 година, кон пријавата се поднесува и потврда од овластената банка за товарење на обемот на плаќањето на увозот на опрема на односната организација на здружен труд по основ на амортизација на опремата и остварениот извоз;

5) за извоз и увоз на стоки во малограничниот промет и во рамките на саемски компензациони работи се поднесува потврда за товарење на обемот на правото на извоз и увоз по тие работи за вредноста на стоките што се увезуваат во 1989 година по пријавите поднесени до 31 декември 1988 година. Ако стоките се извезуваат и увезуваат по основ на контингент, се поднесува и потврда од овластената банка дека за вредноста на стоките што се извезуваат и увезуваат во 1989 година е товарен контингентот на организацијата на здружен труд за 1989 година, а ако стоките се извезуваат и увезуваат по основ на дозвола – и дозвола на која не ѝ истекол рокот односо нова дозвола.

3. За увоз на стоки што се плаќаат според одредбите по чл. 132 и 134 на Законот за девизното работење се поднесува и потврда за товарење на обемот на правото на плаќање и тоа за износот на увозот што се плаќа во 1989 година по таа пријава. Ако опрема се увезува по основ на контингент, се поднесува и потврда од соодветното здружение дека домашните производители не се во можност да ја испорачат односната опрема по количината, квалитетот и во определен рок, а ако опрема се увезува по основ на дозвола – и дозвола на која не ѝ истекол рокот односно нова дозвола.

4. За стоките од точ. 1 и 2 на оваа Наредба чии извоз и увоз се насочуваат регионално, кон пријавата се поднесува и согласност на која не и истекол рокот односно нова согласност.

5. По пријавите за увоз на опрема и материјали по основ на договор за отстапување изградба на инвестиционен објект на странски изведувач во 1989 година што народните банки ги прифатиле до 31 декември 1988 година, организациите на здружен труд поднесуваат одобрение за увоз на опрема односно материјали издадено според одредбите од Законот за отстапување изградба на инвестиционен објект на странски изведувач („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/76 и 36/79), со кое се заменува правото на увоз по основ на контингент и дозвола.

6. Организациите на здружен труд се должни да ги поднесат пријавите од оваа наредба најдоцна до 30 април 1989 година.

7. Одредбите од оваа наредба се однесуваат и на налозите за плаќање (образец 1450 К) за стоките што организациите на здружен труд ги купуваат од консигнационите складишта на странски лица во Југославија, освен за стоките што се платени и подигнати од консигнационо складиште до 31 декември 1988 година, а чие царинење се врши во 1989 година.

8. За увозот на предмети на вооружување и воена опрема во 1989 година по пријавите прифатени до 31 декември 1988 година по кои плаќањето не е извршено до тој ден, што го врши Сојузната дирекција за промет и резерви на производи со посебна намена, односно организациите на здружен труд што ќе добијат одобрение од Сојузниот секретаријат за народна одбрана за вршење на тој промет, се поднесува пријава, со повикување на бројот и датумот на порано прифатената пријава, за делот на увозот што се плаќа во 1989 година. Кон пријавата се прилагаат исправи за правото на плаќање од член 132 на Законот за девизното работење.

9. Одредбите од оваа наредба не се однесуваат на увозот за кој не се поднесуваат пријави за склучени договори за увоз во смисла на точка 8 од Наредбата за поднесување пријави за склучените договори за надворешно-трговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/85, 7/86 и 13/88).

10. Одредбите од оваа наредба не се однесуваат на увозот што се врши според одредбите од Одлуката за видот и количината односно вредноста на предметите што физички лица можат да ги увезуваат и извезуваат („Службен лист на СФРЈ", бр. 21/86, 44/86, 3/87, 52/87 и 57/87).

11. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 27004
19 декември 1988 година
Белград

Сојузен секретар за
економски односи со
странство,
Ненад Крекиќ, с. р.

1005.

Врз основа на член 95 став 2 од Законот за Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 70/83, 16/86, 72/86, 74/87 и 37/88), сојузниот секретар за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА СМЕТКИТЕ ЗА УПЛАТА НА ПРИХОДИТЕ НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НИВНИТЕ ФОНДОВИ, НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ И НА ДРУГИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ, ЗА НАЧИНОТ НА УПЛАТУВАЊЕ НА ТИЕ ПРИХОДИ И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ТИЕ ПРИХОДИ

1. Во Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заедници и на другите самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/84, 67/84, 5/85, 72/85, 23/86, 70/86, 49/87, 85/87, 1/88, 19/88 и 56/88) во точка 4 став 1 одредбата под 31 се менува и гласи:

„31) на сметката бр. 840–2229 – Основен данок на промет од приредување на игри на среќа;".

По одредбата под 31 се додава одредба под 32, која гласи:

„32) на сметката бр. 840–2234 – Основен данок на надомести од услуги на превоз".

Во став 2 зборовите: „1 до 31" се заменуваат со зборовите: „1 до 32".

2. Во точка 18 став 1 во одредбата под 8 точката се заменува со точка и запирка и се додава одредба под 9, која гласи:

„9) на сметката 840–6985 – Средства на отстапениот данок на промет на производи со знакот „Вук Караџиќ".

3. Во точка 41 во одредбата под 6 точката се заменува со точка и запирка и се додаваат одредби под 7 и 8, кои гласат:

„7) на сметката бр. 842–2101 – Деловни средства на организациите на здружен труд од областа на стопанството по основ на задолжителен заем од 1989 година;

8) на сметката бр. 842–801 – Средства на организациите на здружен труд наменети за здружување за развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини за 1989 година".

4. Во точка 56 став 2 зборовите: „и надоместот за развој на рудниците на јаглен, средствата за посебни намени и надоместот за патиштата што се користи за развој на сообраќајот, енергетиката и основното земјоделско производство" се заменуваат со зборовите: „надоместите за патишта што се користат за одржување на патиштата и за отплата на странските кредити користени за одржување на патиштата".

Во став 3 во табелата, во колона 2, бројот: „30.102" се заменува со бројот: „30.100", во колона 3 зборовите: „Центар Загреб" се заменуваат со зборот: „Загреб", а во колона 4 бројот: „014" се заменува со бројот: „000".

5. Во точка 59 став 1 во одредбата под 6 точката на крајот се заменува со точка и запирка и се додаваат одредбите под 7 и 8, кои гласат:

„7) проодната сметка бр. 842–2117 – Средства на задолжителниот заем за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и на САП Косово за 1989 година.

8) проодната сметка бр. 842–817 – Средства на организациите на здружен труд наменети за здружување за развој на стопански недоволно развиените републики и автономните покраини за 1989 година".

6. Приходите на буџетот на федерацијата од царините и другите увозни давачки за стоките увезени до 31 декември 1988 година и дел од приходите од основниот данок на промет на производи, на прометот остварен до 31 декември 1988 година што ќе се наплатат до 31 јануари 1989 година, се уплатуваат во Буџетот на федерацијата за 1988 година, согласно со член 23 од Законот за извршување на Буџетот на федерацијата за 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/88).

При уплати на приходите од царините и другите увозни давачки за стоките увезени до 31 декември 1988 година и на дел од приходот од основниот данок на промет, на прометот остварен до 31 декември 1988 година, што ќе се наплатат до 31 јануари 1989 година, уплатувачите на тие приходи на сите налози за уплата во елементот „повикување на бројот (одобрение)" ќе ја внесат бројната ознака на годината „1988" согласно со Упатството за формата, содржината и употребата на еднообразните обрасци за вршење на работи на платниот промет во земјата преку Службата на општественото книговодство („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/84, 67/84, 42/85, 64/86 и 37/88).

7. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 6–11020/2
16 декември 1988 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Светозар Рикановиќ, с. р.

1006.

Врз основа на член 19 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83, 12/85 и 49/87) и на член 5 од Одлуката за надоместите на личните доходи и другите примања на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/77 и 62/77), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 23 декември 1988 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СФРЈ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Во Одлуката за износот на дневниците на делегатите во Собранието на СФРЈ и на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/86, 43/86, 13/87, 65/87, 9/88, 33/88, 57/88 и 66/88), во точ. 1 и 2 износот: „25.000" се заменува со износот: „35.000".

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 114-57/88-013
23 декември 1988 година
Белград

Административна комисија на Собранието на СФРЈ

Претседател,
Методи Зврцинов, с. р.

1007.

Врз основа на член 22 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83, 12/85 и 49/87), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 23 декември 1988 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ПОРАДИ ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА ИЛИ ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СФРЈ

1. Во Одлуката за износот на надоместот на трошоците поради одвоен живот од семејството на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85, 9/86, 54/86, 29/87, 65/87, 9/88, 33/88 и 57/88), во точка 1 износот: „220.000" се заменува со износот: „320.000".

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 114-58/88-013
23 декември 1988 година
Белград

Административна комисија на Собранието на СФРЈ

Претседател,
Методи Зврцинов, с. р.

1008.

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за личните доходи на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ и за надоместите на личните доходи на делегатите во Собранието на СФРЈ („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/75, 16/77, 62/79, 13/83, 12/85 и 49/87), Административната комисија на Собранието на СФРЈ, на седницата од 23 декември 1988 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА

1. Во Одлуката за износот на месечниот надомест на трошоците за вршење на функцијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/85, 9/86, 43/86, 13/87, 65/87, 9/88, 33/88, 57/88 и 66/88), во точка 1 износот: „125.000" се заменува со износот: „175.000".

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ", а се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 114-59/88-013
23 декември 1988 година
Белград

Административна комисија на Собранието на СФРЈ

Претседател,
Методи Зврцинов, с. р.

1009.

Врз основа на чл. 56 и 64а, во врска со член 66 став 1 точка 11 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86) Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА ПО КОЈА СЕ НАПЛАТУВААТ НАДОМЕСТИТЕ ЗА УСЛУГИТЕ ШТО ГИ ВРШАТ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА, НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

1. Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини (во натамошниот текст: народните банки), за услугите што ги вршат во своето работење, наплатуваат надомест по одредбите на тарифата од оваа одлука (во натамошниот текст: тарифата).

2. За услугите што не се предвидени во тарифата височината на надоместот се утврдува со посебна спогодба меѓу корисниците на услуги и народните банки.

3. Народните банки можат спрема странски кореспонденти да применуваат, врз база на реципроцитет, и поинакви тарифни ставови од ставовите определени во тарифата.

Одредбата од став 1 од оваа точка народните банки можат да ја применуваат и спрема странски државјани во Социјалистичка Федеративна Република Југославија ако спрема југословенските државјани се применуваат во земјата на странскиот државјанин поинакви ставови од ставовите предвидени во тарифата.

4. Надоместот по работите на девизните трансфери народните банки го наплатуваат од динарската противвредност на девизите што е наведена во налогот.

5. Надомест за услугите од точка 1 на оваа одлука народните банки наплатуваат по одделни видови работи, и тоа:

Број на тарифниот став	Вид работи	Висина на тарифставниот
1	2	3
	I. ДЕВИЗНИ РАБОТИ	
	а) Трансфери	
1.	Надомест по работи на девизни трансфери	1‰ (од илјада) минимум 10.000 динари

Надоместот по тарифниот став 1 се наплатува на прометот по редовни девизни тековни сметки во странство од овластените банки по секоја дознака за странство и од странство без оглед дали таа се извршува преку сметките на тие банки во странство или преку сметките на странските банки во земјата.

Надомест по тарифниот став 1 не се наплатува од овластените банки:

1) на дознаките од странство во корист на девизната сметка на странско лице, а по диспозициите на сопствениците на тие сметки се наплатува надомест, било дознаката да се врши во странство или исплатата на дознаката да се врши во земјата;

2) на дознаките од странство и во странство во корист односно на товар на девизните сметки и девизните штедни влогови;

3) при трансферот на средства меѓу сметките на странските банки.

Како дознака во смисла на оваа одлука се подразбираат сите инструменти за плаќање во платниот промет со странство.

2.	Надомест за работи на девизните трансфери преку сметката на Народната банка на Југославија	2‰ (од илјада) минимум 10.000 динари

Надоместот по тарифниот став 2 го наплатува Народната банка на Југославија директно или преку народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини по дознаките за странство и од странство кога се извршуваат преку сметката на Народната банка на Југославија.

Надомест по тарифниот став 2 не се наплатува на дознаките по основ на сторно.

	б) Ефективни валути	
3.	Откуп на валути	2% (од сто) минимум 5.000 динари
4.	Продажба на валути	4% (од сто), минимум 5.000 динари
5.	Вештачење на фалсификати	2% од номиналната вредност на фалсификатот и фактичките трошоци
	в) Чекови, кредитни писма и лични акредитиви	
6.	Издавање на чекови и кредитни писма	2% (од сто), минимум 5.000 динари
7.	Отворање на лични акредитиви	3‰ (од илјада), минимум 10.000 динари
8.	Анулирање на чекови и кредитни писма	2% (од сто), минимум 5.000 динари
9.	Откуп на чекови и исплата на кредитни писма влечени на југословенски банки во конвертибилни валути	1,5% (од сто), минимум 10.000 динари
10.	Исплата на лични акредитиви	1% (од сто), минимум 5.000 динари
11.	Пренос на личен акредитив	1‰ (од илјада), минимум 10.000 динари
12.	Исплата на туристички динарски чекови издадени од страна на Народната банка на Југославија	бесплатно
	г) Инкасо-документи	
13.	Чекови, штедни книшки, полиси за осигурување, обврзници и друго:	
	а) испратени во странство	2‰ (од илјада), минимум 10.000 динари
	б) примени од странство	2‰ (од илјада), минимум 10.000 динари
	в) одобренија и задолжувања според решенијата на надлежниот сојузен орган	2‰ (од илјада), минимум 10.000 динари

14. Стоковни исправи:	
а) испратени во странство	1‰ (од илјада), минимум 10.000 динари
б) примени од странство	1‰ (од илјада), минимум 10.000 динари
15. Инкасо-меници:	
а) без протест	1‰ (од илјада), минимум 25.000 динари, максимум 250.000 динари
б) со протест	2‰ (од илјада), минимум 40.000 динари, максимум 250.000 динари
в) прибавување на акцепт	1‰ (од илјада), минимум 25.000 динари, максимум 250.000 динари
г) испраќање на меница во странство	50.000 динари по меница

д) Гаранции

16. Ностро-гаранции:	
а) издавање гаранција со покритие	2‰ (од илјада), минимум 50.000 динари тримесечно
в) издавање гаранција без покритие	3,5 ‰ (од илјада), минимум 50.000 динари тримесечно
в) издавање гаранција со обезбедување покритие на плаќањата	2,5‰ (од илјада), минимум 50.000 динари тримесечно
г) измена на условите на гаранцијата	50.000 динари
д) манипулација со документи по ностро-гаранција	1,25‰ (од илјада), минимум 25.000 динари
17. Издавање гаранции по кредити за рефинансирање	1‰ (од илјада), минимум 50.000 динари тримесечно
18. Лоро-гаранции:	
а) спроведување на гарантно писмо	50.000 динари
б) нотификација без обврска на банката	1‰ (од илјада), минимум 50.000
в) манипулација со исправите под а) и б) на овој тарифен став	1,5‰ (од илјада), минимум 50.000 динари
г) издавање односно конфирмација	2‰ (од илјада), минимум 50.000 динари тримесечно
д) исплата на исправите под г) од овој тарифен став	1,5‰ (од илјада), минимум 50.000 динари
ѓ) измена на условите на гаранција	50.000 динари

Како ностро-гаранции се подразбираат гаранции што народната банка ги издава на странство за сметка на домашни налогодавци, а како лоро-гаранции - гаранции што во корист на домашни корисници ги издаваат странски банки или, по нивно барање, централна банка.

За телеграфско издавање на ностро-гаранции, покрај надоместот од тарифниот став 16, се наплатуваат 10.000 динари при издавањето на гаранцијата, како и износот на фактичните трошоци.

Со надоместот за издавање на лоро-гаранции (спроведување на гарантно писмо, нотификација без обврска на банката) се опфатени сите други дејствија (прибавување на акцепт, преглед и испраќање на исправи и сл.), освен измените на условите и извршувањето на трансферот.

Надоместот по гаранциите се пресметува на износот по кој банката е во обврска, и тоа од моментот на настанувањето на обврската, а се смета однапред за секое започнато тримесечје на износот на гаранцијата што е тогаш во важност. Основица за надоместот претставува главницата зголемена за каматата, како и за другите трошоци ако народните банки и за нив гарантираат.

Кога се издаваат супер-гаранции по посебни прописи, народните банки ја применуваат половината од тарифниот став 16 (по ностро-гаранциите).

ѓ) Акредитиви

19. Ностро-акредитиви:	
а) отворање на акредитив	1,5‰ (од илјада), минимум 25.000 динари тримесечно
б) отворање на акредитив со одложено полагање на покритието, со полагање обезбедување за покритие на плаќањата	2,5‰ (од илјада), минимум 25.000 динари
в) отворање на акредитив без полагање покритие или обезбедување за покритие на плаќањата	3‰ (од илјада), минимум 25.000 динари тримесечно
г) конфирмација	1,5‰ (од илјада), минимум 50.000 динари тримесечно
д) пренос на акредитив и други измени	50.000 динари
20. Лоро-акредитиви:	
а) нотификација без обврска на банката	1,5‰ (од илјада), минимум 25.000 динари тримесечно
б) конфирмација	2‰ (од илјада), минимум 50.000 динари тримесечно
в) пренос на акредитив	50% (од сто) од надоместот по одредбата под а) на овој тарифен став на износот што се пренесува: минимум 25.000 динари
г) измени на акредитивот	50.000 динари
д) манипулација со документите врз основа на кои се врши исплата по нотифицирани акредитиви	1,5‰ (од илјада), минимум 25.000 динари
ѓ) манипулација со документите врз основа на кои се врши исплата по конфирмирани акредитиви	2‰ (од илјада), минимум 25.000 динари

За телеграфско отворање на увозно ностро-акредитиви, покрај надоместот од тарифниот став 20 и износот на фактичните трошоци, се наплатуваат 10.000 динари при отворањето на акредитивот.

Налогодавецот по увозниот ностро-акредитив е должен да ги намири сите надомести и трошоци со кои странскиот кореспондент ја товари банката, без оглед дали акредитивот се отвора како покриен или непокриен. Трошоците по ностро-акредитивот налогодавецот ги плаќа во динари според соодветниот курс, во смисла на прописите што се во сила на денот на ликвидацијата на трошоците.

Надоместот се наплатува однапред, а секое започнато тримесечје се смета како цело. Во случаите кога акредитивот не ќе се искористи делумно или во целост од кои и да било причини, наплатената провизија не се враќа.

За клириншки акредитиви предвидениот надомест се наплатува при секое користење на акредитивот.

е) Тековни сметки на странски лица

21. Лоро-сметки:	
а) уплата	без надомест
б) исплата	2‰ (од илјада), минимум 25.000 динари (му се засметува на корисниот за исплата)

II. ТРЕЗОРСКИ РАБОТИ

22.	Депозити:	
	а) затворени-запечатени депозити со ознака на вредноста	2‰ (од илјада) годишно, минимум 5.000 динари, максимум 20.000 динари, пресметка годишно однапред
	б) затворени-запечатени депозити, без ознака на вредноста	по тежина 5.000 динари по килограм годишно, секој започнат килограм се смета како цел, пресметка годишно однапред
	в) запечатени депозити со резервни клучеви (само од банки)	10.000 динари по депозит за година, наплата годишно однапред
23.	Специјални депозити со скапоцености и со странска валута	
	а) чуварина	3‰ (од сто), минимум 10.000, максимум 50.000 динари, пресметка годишно однапред
	б) процена и продажба	20% (од сто) од вредноста на продадените скапоцености

Чуварината и надоместот за процена и продажба се наплатуваат од органите на управата на кои им припаднала динарската вредност на специјалниот депозит.

24.	Благородни метали:	
	а) откуп на злато, платина и други благородни метали	бесплатно
	б) продажба на злато, платина и други благородни метали	1% (од сто), минимум 5.000 динари сметано од продажната вредност
25.	Замена на пари	
	а) замена на оштетени банкноти	5% (од сто) од номиналната вредност
	б) замена на оштетени сребрени ковани пари	20% (од сто) од номиналната вредност
	в) замена на други оштетени ковани пари	бесплатно
26.	Дополнителна замена на банкноти и ковани пари повлечени од оптек	5% (од сто) на номиналниот износ на банкнотата

III. ЗАЕМИ

27.	Внатрешни заемни:	
	а) издавање на хартии од вредности (освен благајнички записи)	1‰ (од илјада) од номиналната вредност, годишно; минимум 5.000 динари
	б) амортизација на хартии од вредност (освен благајнички записи)	1‰ (од илјада) од номиналната вредност, тримесечно; минимум 10.000 динари
	в) исплата на втасани купони и обврзници	1,5‰ (од илјада) од номиналната вредност, тримесечно, минимум 15.000 динари
	г) депозити на неврачени обврзници на државни заеми и благајнички записи	1.000 динари по парче, за година, наплата полугодишно
	д) преземање на хартии од вредност од седиштето на службата на општествено книговодство	1‰ (од илјада) од номиналната вредност, тримесечно; минимум 10.000 динари
28.	Надворешни заеми	
	а) ликвидација на купони и обврзници по предвоени заеми	1,5‰ (од илјада) од номиналната вредност, тримесечно; минимум 10.000 динари
	б) ликвидација на обврзниците според меѓудржавните спогодби	1,5‰ (од илјада) од номиналната вредност, тримесечно; минимум 15.000 динари

IV. ПОСЕБНИ РАБОТИ

29.	Користење и отплата на странски заеми и кредити за сметка на општествено-политичките заедници	0,1‰ (од илјада), годишно; минимум 1.500 динари; пресметка полугодишна однапред од состојбата на кредитот кон крајот на изминатото полугодие
30.	Користење и отплата на странски заеми за сметка на основните и здружени банки:	
	а) издавање промисори – ноти за користење и отплата на кредити	1‰ (од илјада) тримесечно, минимум 50.000 динари
	б) користење и отплата на кредити за рефинансирање (агенциска провизија)	0,10‰ (од илјада) годишно, минимум 50.000 динари
31.	Продажба на таксени и даночни вредносници	5% (од сто) на номиналниот износ на продадените таксени и даночни вредносници (административни, судски и таксени марки и менични бланкети)
32.	Замена на оштетени, откуп на неупотребливи и откуп на оштетени таксени и даночни вредносници	3% (од сто) на номиналниот износ
33.	Издавање на конзуларни марки	5% (од сто) на номиналниот износ на издадените вредносници
34.	Продажба на динарски банкноти на странски кореспонденти	износ на фактичните трошоци
35.	Повраток на динарски банкноти на номиналниот кореспондент до износ од 10% од продадените банкноти – по аранжман	износ на фактичните трошоци
	а) за кореспонденти – купувачи по договор со Народната банка на Југославија	износ на фактичните трошоци 2‰ (од илјада) за банкноти (минимум 5.000) сметано на номиналната вредност на пратката 4‰ (од илјада) за ковани пари (минимум 10.000) сметано на номиналната вредност на пратката
	б) за кореспонденти што не се купувачи по договор	износ на фактичните трошоци 5‰ (од илјада) за банкноти (минимум 5.000) сметано на номиналната вредност на пратката 10‰ (од илјада) за купување на пари (минимум 10.000)
36.	Продажба на странски купувачи на нумизматички пари	фактични трошоци и 10% (од сто) на продажната цена на нумизматички пари

V. ДРУГИ РАБОТИ

37.	Достава на вредности	
	а) достава на вредности преку пошта	2‰ (од илјада), минимум 10.000 динари
	б) известување за достава на вредности	50.000 динари
38.	Разно	
	а) изработка на публикации	износ на фактичните трошоци
	б) издавање на разни потврди	5.000 динари по потврда

Покрај надоместот што е предвиден со оваа тарифа, народната банка ги наплатува сите фактични трошоци што ги имала во врска со извршувањето на услуга.

39. Фактични трошоци
- а) поштарина за препорачани, експресни и авионски пратки, пратки со рецепис и други посебни ракувања со пратки, поштарина за пакети, како и транспортни трошоци
- б) трошоци за телеплинтер, телеграма, телекс, телефакс и телефонски разговори
- в) трошоци за материјали за пакувања
- г) трошоци што ги засметуваат други банки во земјата кои учествуваат во извршувањето на работите
- д) провизија и трошоци што ги засметуваат странски банки
- ѓ) такси, даноци и сл. што народната банка ги плаќа за сметка на корисникот на услугата
- е) трошоци за премија на осигурување што народната банка ги плаќа за сметка на корисникот на услугата
- ж) други издатоци што се направени по барање од корисникот на услугата.

6. Упатство за примена на тарифата дава Народната банка на Југославија.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за тарифата по која се наплатуваат надоместите за услугите што ги вршат Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/78 и 8/82).

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 132
27 декември 1988 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Душан Влатковиќ, с. р.

1010.

Врз основа на член 22 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ПЛАСМАНИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА И НА ДРУГИ ПОБАРУВАЊА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на други побарувања на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87, 29/88, 35/88, 40/88, 44/88, 54/88, 59/88, 66/88 и 72/88), во точка 2 зборовите: „по стапка која е за 50% поголема од есконтната стапка" се заменуваат со зборовите: „по стапка која е за 10% поголема од есконтната стапка на Народната банка на Југославија подигната на годишно ниво".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 131
29 декември 1988 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Душан Влатковиќ, с. р.

1011.

Врз основа на член 22 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА ПЛАСМАНИТЕ ОД ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА И НА ДРУГИ ПОБАРУВАЊА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на други побарувања на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87, 29/88, 35/88, 40/88, 44/88, 54/88, 59/88, 66/88 и 72/88), во точка 2 став 1 зборовите: „подигната на годишно ниво" се бришат.

2. Точка 4 се менува и гласи:

„4. Есконтната стапка на Народната банка на Југославија изнесува 13,9% месечно".

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

О. бр. 133
29 декември 1988 година
Белград

Претседател на Советот на
гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Душан Влатковиќ, с. р.

1012.

Врз основа на член 22, член 32 став 1 и член 66 став 1 точка 15 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86) и врз основа на член 28а став 9 од Законот за вкупниот приход и доходот („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, 42/87, 65/87, 87/87, 31/88 и 46/88), во согласност со Сојузниот извршен совет, Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ, НАПЛАТА И ПЛАЌАЊЕ НА КАМАТАТА НА НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА, НАРОДНИТЕ БАНКИ НА РЕПУБЛИКИТЕ И НАРОДНИТЕ БАНКИ НА АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

1. Во Одлуката за начинот на пресметување, наплата и плаќање на каматата на Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 53/88 и 59/88), во точка 3а зборовите: „и тоа почнувајќи од пресметувањето на каматата за III тримесечје на 1988 година" се заменуваат со зборовите: „во согласност со одредбите на член 28а став 9 од Законот за вкупниот приход и доходот."

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 134
20 декември 1988 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Душан Влатковиќ, с. р.

1013.

Врз основа на член 16, чл. 19 до 25 и член 64а, а во врска со член 66 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), во согласност со одредбите од Одлуката за целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87, 31/88, 40/88, 64/88 и 72/88) и Одлуката за остварување на целите и задачите на заедничката емисиона и парична политика и на заедничките основи на кредитната политика во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/88 и 40/88), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ВО 1988 ГОДИНА

1. Во Одлуката за условите за користење на примерната емисија во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/88, 22/88, 35/88, 37/88, 41/88, 43/88, 55/88, 60/88 и 66/88), во точка 39 по став 1 се додава став 2, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 одредба под 1 на оваа точка при пресметувањето на височината на кредитот ќе се применува курсот на денот на поднесувањето на документацијата, заради утврдување на височината на учеството на примарната емисија кај кредитирањето на Југословенската банка за меѓународна економска соработка, во смисла на точка 14 став 2 од оваа одлука, почнувајќи од 1 јуни до 31 декември 1988 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 135
29 декември 1988 година
Белград

Претседател на Советот на
гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Душан Влатковиќ, с. р.

1014.

Врз основа на член 7 ст. 1 и 2 и член 64а од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76, 41/81, 26/84 и 71/86), Советот на гувернерите донесува

ОДЛУКА

ЗА ПРИВРЕМЕНО ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИМАРНАТА ЕМИСИЈА ВО 1988 ГОДИНА

1. Важењето на Одлуката за условите за користење на примарната емисија во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/88, 22/88, 35/88, 37/88, 41/88, 43/88, 55/88, 60/88 и 66/88) привремено се продолжува до денот на влегувањето во сила на прописот за условите за користење на примарната емисија во 1989 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 136
30 декември 1988 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
Душан Влатковиќ, с. р.

1015.

Врз основа на чл. 103 и 358 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76, 36/79, 52/79, 12/82, 61/82, 7/84, 25/85, 38/86 и 28/88), директорот на Сојузната управа за царини пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ПОСТАПКА ВО ПАТНИЧКИОТ ПРОМЕТ

Член 1

Во Правилникот за царинската постапка во патничкиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 41/79, 29/83, 68/84, 40/86, 13/87 и 86/87) во член 9 став 1 бројот: „2,500.000" се заменува со бројот: „15,000.000".

Во став 3 бројот: „400.000" се заменува со бројот: „2,500.000".

Во став 5 бројот: „2,500.000" се заменува со бројот: „15,000.000".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. Д-10797
28 декември 1988 година
Белград

В. д. директор
на Сојузната управа за
царини,
Звонко Пошчиќ, с. р.

1016.

Врз основа на член 269д од Законот за санација и престанок на организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 72/86, 42/87, 75/87 и 69/88), Сојузниот завод за статистика утврдува и објавува

ИНДЕКС

НА ЖИВОТНИТЕ ТРОШОЦИ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА, СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ И СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ АВТОНОМНИ ПОКРАИНИ ЗА ДЕКЕМВРИ 1988 ГОДИНА

	Ø 1988 / Ø 1987
СФР Југославија	294,6
СР Босна и Херцеговина	296,6
СР Македонија	291,9
СР Словенија	299,6
СР Србија	293,8
Територија на СР Србија надвор од територите на САП	294,6
САП Војводина	289,6
САП Косово	292,8
СР Хрватска	295,3
СР Црна Гора	299,0

Бр. 001-5039/1
29 декември 1988 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за статистика,
д-р **Драгутин Групковиќ**, с. р.

1017.

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за Установата за одржување на поморските пловни патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 50/74, 17/81 и 46/88), во согласност со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот комитет за сообраќај и врски донесува

ИЗМЕНИ

НА ТАРИФАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПЛОВИДБАТА И НА УСЛУГИТЕ НА РАДИОСЛУЖБАТА НА ПОМОРСКИТЕ ПЛОВНИ ПАТИШТА

1. Во Тарифата за користење на објектите за безбедност на пловидбата и на услугите на радиослужбата на поморските пловни патишта („Службен лист на СФРЈ", бр. 57/86 и 21/87) во точка 7 ставот 3 се менува и гласи:

„За патнички бродови над 3.000 НРТ што вршат превоз на редови линии, надомест се наплатува како да имаат 3.000 НРТ, а за патнички бродови на кружно патување надомест се наплатува 50% од пресметаниот надомест".

2. Точките 8 и 9 се менуваат и гласат:

„8. Надоместот за користење на објектите за безбедност на пловидбата за бродови се пресметува и наплатува за период од 30 дена или за период од 12 месеци, а за чамци и јахти за период до 12 месеци и се наплатува за периодот на важењето на дозволата за пловидба на чамец односно јахта, и тоа:

Реден број	Вид на пловниот објект	Период за кој се плаќа надомест	Припадност на пловниот објект и височина на надоместот: странско знаме – САД долари	странско знаме – Пресметковни долари	домашно знаме – динари
1	2	3	4	5	6
1	Брод со сопствен погон – за секоја НРТ	за 30 дена	0,32	0,34	1.600
		за 12 месеци	1,80	1,90	9.000
2	Брод без сопствен погон – за секој тон на носивост	за 30 дена	0,12	0,13	600
		за 12 месеци	0,74	0,78	3.700
3	Брод кој нема означена НРТ ниту носивост – за секој индициран kW	за 30 дена	0,17	0,18	850
		за 12 месеци	1,00	1,05	5.000
4	Чамец кој служи за стопански цели – за секој метар должина	за 12 месеци	0,62	0,64	3.100
5	Чамец кој служи за нестопански цели за секој метар должина	за 12 месеци	0,30	0,32	1.500
6	Јахта – за секој метар должина	за 12 месеци	0,54	0,57	2.700

9. Надоместот за користење не услугите на радиослужбата (крајбрежна цена) се пресметува и наплатува, и тоа:

Реден број	Вид на услуга	Единица на мера	Височина на надоместот: во меѓународниот сообраќај во златни франци (GF)	во домашниот сообраќај во динари
1	2	3	4	5
1	Поморска радиотелеграма	секој збор	0,80	1.600
2	Поморски радиотелефонски разговори			
2а	VHF	1 минута	2,50	5.000
		минимум 3 минути	7,50	15.000
2б	MF	1 минута	3,50	7.000
		минимум 3 минути	10,50	21.000
2в	HF	1 минута	6,00	12.000
		минимум 3 минути	18,00	36.000

1	2	3	4	5
3	Посебни услуги во врска со поморската радиотелеграма (правец брод-копно):			
3а	Со платен одговор	секој збор (вклучувајќи ги и зборовите на одговорот)	0,80	1.600
3б	Врачување на определен ден	секој збор	0,80	1.600
4	Телефонска покана и известие	секој нарачен радиотелефонски разговор	4,50	9.000
5	Метеоролошка радиотелеграма (OBS)	секоја радиотелеграма	4,50	9.000
6	Радио-вести	според посебен договор	–	–
7	Сигнал за калибрација	еден час или според посебен договор	113,00	226,000
8	Радио-телепринтерски услуги	1 минута минимум 3 минути	4,30 12,90	8.600 25.800

3. Овие измени на Тарифата влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 7406/5
21 декември 1988 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
д-р **Драги Данев**, с. р.

1018.

Врз основа на точ. 4 и 5 од Општествениот договор за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на функционерите во федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/87) и точка 14 од Одлуката на Уставниот суд на Југославија за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на претседателот и на судиите на Уставниот суд на Југославија (Су. бр. 275/87, од 30 септември 1987 година), Уставниот суд на Југославија, на 35 посебна седница, одржана на 23 декември 1988 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА НАДОМЕСТОТ НА ТРОШОЦИТЕ ПОРАДИ ОДВОЕН ЖИВОТ ОД ПОТЕСНОТО СЕМЕЈСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И НА СУДИИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за износот на надоместот на трошоците поради одвоен живот од потесното семејство на претседателот и на судиите на Уставниот суд на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/87, 9/88, 36/88 и 61/88), во точка 1 бројот: „220.000" се заменува со бројот: „320.000".

2. Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Су. бр. 1077/88
22 декември 1988 година
Белград

Уставен суд на Југославија

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на
Југославија,
судија
Душан Штрбац, с. р.

1019.

Врз основа на точ. 4 и 5 од Општествениот договор за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на функционерите во федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/87) и точка 14 од Одлуката на Уставниот суд на Југославија за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на претседателот и на судиите на Уставниот суд на Југославија (Су. бр. 275/87, од 30 септември 1987 година), Уставниот суд на Југославија, на 35 посебна седница, одржана на 23 декември 1988 година, донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА ДНЕВНИЦИТЕ НА СЕКРЕТАРОТ НА УСТАВНИОТ СУД И НА РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ НАЗНАЧУВА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за износот на дневниците на секретарот на Уставниот суд и на раководните работници што ги назначува Уставниот суд на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/87, 9/88, 36/88, 61/88 и 69/88) во точка 1 бројот „250.000" се заменува со бројот „35.000".

2. Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Су. бр. 1079/88
23 декември 1988 година
Белград

Уставен суд на Југославија

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на
Југославија,
судија
Душан Штрбац, с. р.

1020.

Врз основа на точ. 4 и 5 од Општествениот договор за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на функционерите во федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 65/87) и точка 14 од Одлуката на Уставниот суд на Југославија за основите и мерилата за утврдување на личните доходи и другите примања на претседателот и на судиите на Уставниот суд на Југославија (Су. бр. 275/87, од 30 септември 1987 година), Уставниот суд на Југославија, на 35 посебна седница, одржана на 23 декември 1988 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗНОСОТ НА ДНЕВНИЦИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И НА СУДИИТЕ НА УСТАВНИОТ СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за износот на дневниците на претседателот и на судиите на Уставниот суд на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/87, 9/88, 61/88 и 69/88), во точка 1 бројот: „25.000" се заменува со бројот: „35.000".

2. Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Су. бр. 1078/88
22 декември 1988 година
Белград

Уставен суд на Југославија

Го заменува претседателот
на Уставниот суд на
Југославија,
судија
Душан Штрбац, с. р.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА СПРОТИВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЧЛЕН 8 СТАВ 5 НА ЗАКОНОТ НА СР МАКЕДОНИЈА ЗА СТАНБЕНИТЕ ЗАДРУГИ И НА ОДЛУКАТА НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ОСНОВАЧКИОТ ВЛОГ ЗА ПОЧЕТОКОТ НА РАБОТАТА НА СТАНБЕНАТА ЗАДРУГА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

1. Станбената задруга „Новоградба" во Прилеп, пред Уставниот суд на Југославија поведе постапка за оценување на спротивноста на одредбите од член 8 став 5 на Законот на СР Македонија за станбените задруги („Службен весник на СР Македонија", бр. 46/82) и на Одлуката на Собранието на општина Прилеп за утврдување на најнискиот износ на основачкиот влог за почетокот на работата на станбената задруга број 02–4321/1 од 26 ноември 1986 година, со одредбите на член 274г од Законот за здружениот труд.

Во предлогот за поведување постапка е наведено дека со одредбите на член 274г на Законот за здружениот труд е пропишано дека височината на основачкиот влог за почетокот на работата на станбената задруга се определува со самоуправна спогодба за здружување во станбена задруга, а не со закон и со друг пропис, и дека затоа оспорените одредби на наведениот закон и наведената одлука, со кои е пропишана височината на тој основачки влог, се во спротивност со одредбите на Законот за здружениот труд.

2. Со оспорената одредба на член 8 став 5 од Законот на СР Македонија за станбените задруги е пропишано дека собранието на општината го утврдува најнискиот износ на основачкиот влог за почетокот на работата на станбената задруга.

Со оспорената одлука на Собранието на општина Прилеп е пропишано дека најнискиот износ на основачкиот влог за почетокот на работата на станбената задруга изнесува 5,000.000 динари.

Со одредбите на член 274г став 1 од Законот за здружениот труд е пропишано дека задруга се основа со склучување на самоуправна спогодба за здружување во задруга, под услови и на начин утврдени со закон, а дека средствата за основање и работа на задругата ги обезбедуваат задругарите со основачки влог и со други сопствени средства, во согласност со самоуправната спогодба за здружување во задруга.

3. Со одредбата на член 35 став 3 од Уставот на СФРЈ е определено дека работна организација можат да основат, под услови и на начин кои се пропишани со закон, работните луѓе заради остварување на правото на работа или заради задоволување на потребите со производи и услуги на организацијата што ја основаат.

Со одредбите на член 65 од Уставот на СФРЈ е определено дека задругата има положба, права, обврски и одговорности што ги има земјоделската задруга, а со одредбата на член 62 став 2 од Уставот на СФРЈ дека земјоделската задруга има, во начело, положба, права, обврски и одговорности на организацијата на задружен труд.

Тргнувајќи од наведените одредби на Уставот на СФРЈ, Уставниот суд на Југославија смета дека условите и начинот на основање на станбена задруга се пропишуваат со закон и дека со закон би можел да се пропише, како еден од условите за основање на задруга, и најнискиот основачки влог за почетокот на работата на здругата.

Бидејќи со оспорените одредби од наведениот републички закон и од наведената оспорена одлука на Собранието на општина Прилеп е пропишан најнискиот износ на основачкиот влог за почетокот на работа на задругата како услов за основање на задруга, Уставниот суд оцени дека оспорените одредби на тој републички закон и на таа општинска одлука не се во спротивност со одредбите на член 274г од Законот за здружениот труд, бидејќи со тие одредби на тој сојузен закон е пропишано дека се основа задруга под услови и начин што се утврдени со закон.

4. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 37 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата одржана на 5 октомври 1988 година, донесе

Одлука

Се одбива предлогот да се утврди дека одредбите на член 8 став 5 од Законот на СР Македонија за станбените задруги и на Одлуката на Собранието на општина Прилеп за утврдување на најнискиот износ на основачкиот влог за почетокот на работата на станбената задруга се во спротивност со Законот за здружениот труд.

Оваа одлука Уставниот суд ја донесе во следниот состав: претседател на Судот д-р Бранислав Ивановиќ и членовите на Судот: Хрвое Бачиќ, Божидар Булатовиќ, д-р Александар Фира, д-р Иван Кристан, Димче Козаров, м-р Крсте Чаловски, Радко Мочивник, Вељко Марковиќ, Милосав Стијовиќ и Душан Штрбац.

У-бр. 110/88
5 октомври 1988 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
д-р **Бранислав Ивановиќ**, с. р.

ОДЛУКА

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДРЕДБАТА ОД ЧЛЕН 99 СТАВ 4 НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Со Одлуката У бр. 206/86 од 18 ноември 1987 година, објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 12/87, Уставниот суд на Југославија утврди дека одредбата на член 99 став 4 од Законот за основните права од пензиското и ин-

валидското осигурување („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/82, 77/82 и 75/85) не е во согласност со Уставот на СФРЈ. Одлуката му е доставена на Собранието на СФРЈ на 4 февруари 1988 година.

Собранието на СФРЈ, во рокот утврден со член 384 на Уставот на СФРЈ, не ја усогласи одредбата на член 99 став 4 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување со Уставот на СФРЈ, па Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 384 став 4 од Уставот на СФРЈ, на седницата одржана на 5 октомври 1988 година донесе

Одлука

Се утврдува дека одредбата на член 99 став 4 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување престанала да важи на 4 август 1988 година.

Оваа одлука Уставниот суд на Југославија ја донесе во следниот состав: претседател д-р Бранислав Ивановиќ и судиите: д-р Александар Фира, Божидар Булатовиќ, Хрвое Бачиќ, Димче Козаров, д-р Иван Кристан, Вељко Марковиќ, Радко Мочивник, Милосав Стијовиќ, м-р Крсте Чаловски и Душан Штрбац.

Оваа одлука ќе се објави во „Службен лист на СФРЈ".

У-бр. 206/86
5 октомври 1988 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на Југославија,
д-р **Бранислав Ивановиќ**, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за начинот на формирање на цените на производите на црната металургија и железната руда, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 59/88, се поткраднаа долунаведените грешки, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ЦРНАТА МЕТАЛУРГИЈА И НА ЖЕЛЕЗНАТА РУДА

Во точка 6 треба да се изостави по грешка внесениот став 2.

Во точка 7 треба да се додаде по грешка изоставениот став 2, кој гласи: „По исклучок од став 1 на оваа точка, ако движењето на цените на основните суровини (железна руда, железо, челичен отпадок и феролегури) огноотпорни материјали, енергија, вклучувајќи го и коксот и транспортот, во тековниот период влијае врз растежот на цените на челикот повеќе од 10%, за тој износ ќе се изврши корекција на цените на производите на црната металургија со тоа што да се земе предвид при првото усогласување на цените на црната металургија во наредниот квартал".

Од Сојузниот секретаријат за законодавство правосудство и управа, Белград, 23 декември 1988 година.

СОДРЖИНА:

Страна

985. Закон за основите на системот на општественото планирање и за општествениот план на Југославија — — — — — — — — — — — — — — — 1917

986. Одлука за престанокот на важењето на Одлуката за определување на највисоките цени на растително масло за јадење и компензација за растително масло за јадење — — — — — — 1921

987. Одлука за височината на давачката за царинско евидентирање — — — — — — — — — — — 1921

988. Одлука за измени на Одлуката за видот и количеството односно вредноста на предметите што физички лица можат да ги увезуваат и извезуваат — — — — — — — — — — — — — — — 1921

989. Одлука за начинот на усогласување на вредноста на закихите на недовршено производство, готови производи и стоки — — — — — — 1922

990. Одлука за плаќање на посебна такса на увезени стоки — — — — — — — — — — — — — — — 1923

991. Одлука за условите за увоз на стоки за широка потрошувачка во 1989 година — — — — — — 1924

992. Одлука за привремено регулирање на правото на условно слободен увоз во 1989 година — 1924

993. Одлука за измена на Одлуката за определување на износот на ограничување на одговорноста на корисниците на нуклеарна постројка за нуклеарна штета — — — — — — — — — — 1924

994. Одлука за измени на Одлуката за определување на износите на кои корисниците, односно сопствениците на воздухоплови мораат да се осигуруваат од одговорност за штети што воздухопловот може да ги причини — — — — 1925

995. Одлука за дополненија на Одлуката за определување на туристички населби, наутички центри, марини и мотели на магистралните патишта во кои можат да се отвораат слободни царински продавници — — — — — — — — 1925

996. Одлука за измена на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот 1926

997. Одлука за измена на Одлуката за привремено регулирање на увозот на патнички автомобили од страна на определени физички лица — 1926

998. Одлука за измена на Одлуката за утврдување на вредноста на стоките на кои се применува единствена царинска стапка — — — — — — 1926

999. Одлука за планираните појдовни големини за распределба на чистиот доход за периодот јануари-март 1989 година — — — — — — — — 1926

1000. Одлука за определување на највисокото ниво на цените на огноотпорен материјал — — — 1927

1001. Одлука за дополнение на Одлуката за начинот на формирање на цените на производите на црната металургија и на железната руда — 1927

1002. Одлука за задржување на цените на определени производи и услуги на затеченото ниво — 1928

1003. Одлука за начинот на формирање на цените на кокс — — — — — — — — — — — — — — — 1928

1004. Наредба за начинот на усогласување на пријавите за склучени договори за надворешнотрговскиот промет поднесени до 31 декември 1988 година со прописите за извозот и увозот што се применуваат во 1989 година — — — — 1928

1005. Наредба за измени и дополненија на Наредбата за сметките за уплата на приходите на општествено-политичките заедници и нивните фондови, на самоуправните интересни заед-

Страна

ници и на другите самоуправни организации и заедници, за начинот на уплатување на тие приходи и за начинот на известување на корисниците на тие приходи — — — — — — — — 1929

1006. Одлука за измена на Одлуката за износот на дневниците на делегатите во Собранието на СФРЈ и на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ — — — — — — 1930

1007. Одлука за измена на Одлуката за износот на надоместот на трошоците поради одвоен живот од семејството на функционерите што ги избира или именува Собранието на СФРЈ 1930

1008. Одлука за измена на Одлуката за износот на месечниот надомест на трошоците за вршење на функцијата — — — — — — — — — — — — 1930

1009. Одлука за единствената тарифа по која се наплатуваат надоместите за услугите што ги вршат Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини — — — — — 1931

1010. Одлука за измена на Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на други побарувања на Народната банка на Југославија — — — — — — — — — — — — 1934

1011. Одлука за измени на Одлуката за каматните стапки на пласманите од примарната емисија и на други побарувања на Народната банка на Југославија — — — — — — — — — — — — 1933

1012. Одлука за измена на Одлуката за начинот на пресметување, наплата и плаќање на каматата на Народната банка на Југославија, народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини — — — — — — — — 1935

1013. Одлука за дополнение на Одлуката за условите за користење на примарната емисија во 1988 година — — — — — — — — — — — — — — 1935

1014. Одлука за привремено продолжување на важењето на Одлуката за условите за користење на примарната емисија во 1988 година — 1935

Страна

1015. Правилник за измена на Правилникот на царинската постапка во патничкиот промет — 1935

1016. Индекс на животните трошоци во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини за декември 1988 година — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1936

1017. Измени на Тарифата за користење на објектите за безбедност на половидбата и на услугите на радиослужбата на поморските пловни патишта — — — — — — — — — — — — — — — — 1936

1018. Одлука за измена на Одлуката за износот на надоместот на трошоците поради одвоен живот од потесното семејство на претседателот и на судиите на Уставниот суд на Југославија — — — — — — — — — — — — — — — — — — 1937

1019. Одлука за измена на Одлуката за износот на дневниците на секретарот на Уставниот суд и на раководните работници што ги назначува Уставниот суд на Југославија — — — — — — 1937

1020. Одлука за измена на Одлуката за износот на дневниците на претседателот и на судиите на Уставниот суд на Југославија — — — — — — 1938

Одлука за оценување на спротивноста на одредбите од член 8 став 5 на Законот на СР Македонија за станбените задруги и на Одлуката на Собранието на општина Прилеп за утврдување на најниското износ на основачкиот влог за почетокот на работата на станбената задруга со Законот за задругениот труд — — — — — — — 1938

Одлука за престанок на важењето на одредбата од член 99 став 4 на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување — 1938

Исправка на Одлуката за начинот на формирање на цените на производите на црната металургија и на железната руда — — — — — — — — — — 1937

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах. 226. - Директор и главен и одговорен уредник ВОИСЛАВ СОЛДАТОВИЌ. - Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел. 650-155 лок. 35. - Печати: Белградски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.